| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности и Комисија за разгледување на барања за еднократни финансиски средства |
| **Резултати:** | Помош на жртвите на семејно насилство. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **/** |

## 6. Проект „ Општо корисна Работа„

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Преку проектот „ Општо корисна работа „ предвидено е да се подобрат условите за извршување на секојдневните активности на старите и изнемоштени над (65год)во Општина Ѓорче Петров ,преку обезбедување лични |
| **Главна цел:** | • Развој на социјалната превенција како организирана континуирана и координирана активност на територија на Општина Ѓорче Петров; |
| **Време на реализација** | Септември –МАЈ 2019 |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Подобрена инклузија на учениците со посебни потреби во училиштата и обезбедена поддршка на стари и изнемоштени лица во вид на подтршка при придружба на лекар , набавка на намирници и сл. |
| **Предвидени финансиски средства:** | Преку УНДП |

**7. Хуманитарна акција**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички организира концерти, изложби,самостојни и хуманитарни акции |
| **Главна цел:** | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Време на реализација** | тековно |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**8. Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината организира Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров од донации на локални фирми. (Даути-комерц , Алкалоид, Жито маркети, Сел-ис. |
| **Главна цел:** | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Време на реализација** | Еднаш во годинта |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

## В. ДЕТСКА ЗАШТИТА

**1. Цел**

Основна цел на оваа активност, согласно надлежноста на општината во областа на детската заштита е општината да излезе во пресрет на работата на градинката.

**2. Носител**

Оваа активност ќе ја спроведе одделението за јавни дејности во соработка со ЈОУДГ Росица согласно програмата за рано учење и развој на децата во јавната детска установа Росица во Општина Ѓорче Петров .

Програмата од детската заштита ќе се спроведе со следните активности:

### 1. Обезбедување на средства за ослободување на плаќање на претстој во детските градинки за деца без родители и родителска грижа

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Обезбедување на средства за ослободување на плаќање на претстој во детските градинки за деца без родители и родителска грижа |
| **Главна цел:** | • Зајакнување на вонинстуционалната заштита преку развивање на постојаните и обезбедување на нови видови социјални услуги согласно со потребите на граѓаните, како и унапредување на начините за обезбедување и нивно достигнување; |
| **Време на реализација** | Во текот на годината |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Унапредување на детската заштита |
| **Предвидени финансиски средства:** | **50.000,00 ден** |

### 2. Стручно усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар во на ЈОУДГ „Росица„

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Обука на **воспитно-згрижувачкиот кадар** и работни активности на децата во предучилишна возраст |
| **Главна цел:** | Подобрување на работата на ЈОУДГ Росица и полесно вклопување на децата во образовниот систем. |
| **Време на реализација** | Во текот на годината |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Подобрување на психофизичкиот развој на децата<br>Правилна адаптација на детето во прво одделение<br>Обуки за родова еднаквост на кадарот, при работа со децата |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**3. Здрава и безбедна храна-здрави и среќни деца**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста се однесува на систематска контрола на исхраната во градинката преку теренски активности и промоција на здравата храна. |
| **Главна цел:** | Подобрување на исхраната во ЈОУДГ Росица. |
| **Време на реализација** | Во текот на годината |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Подобрување на психофизичкиот развој на децата<br>Здрави деца<br>Задоволни родители |
| **Предвидени финансии средства:** | / |

**4. Обезбедување воспитно-згрижувачки кадар во градинката**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста се однесува на дополнување на воспитно-згрижувачки кадар во градинката. |
| **Главна цел:** | Подобрување на воспитно-згрижувачкат дејност во ЈОУДГ Росица. |
| **Време на реализација** | Во текот на годината |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Зголемен број на деца и зголемена опфатност во градинката ЈОУДГ Росица.<br>Подобрување на психофизичкиот развој на децата и |
| **Предвидени финансии средства:** | **1.200.000 ден** |

Основна цел на оваа активност, согласно надлежноста на општината во областа на детската заштита е општината да излезе во пресрет на работата на градинката.

## III. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА СОЦИЈАЛНА, ДЕТСКА И ЗДРАСТВЕНА ЗАШТИТА

Финансирањето на активностите утврдени со програмата на Општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува 3.860.000,00 ден денари, предвидено со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

| | Рекапитулар Програмата за социјална, детска и здравствена заштита Активност/позиција | Еднократна парична помош | Матерјална помош во дрва | Помош за новороденче | Други договорни услуги | Други трансфери | Семинари и конференции | Трансфер до НВО | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **А. Превентивна и здравствена заштита** | | | | | | | | |
| 1 | **1. Финансиско учество на Општината при реализација на проекти и програми од областа на здравствената и социјалната заштита во соработка со НВО и здравствениот дом** | | | | | | 30.000 | 100.000 | **130.000** |
| 2 | **2. Едукативна и превентивна здравствена заштита на ромската популација** | | | | | | | | **0** |
| 3 | **3. Крводарителска акција во соработка со Црвен крст во Културен дом Ѓорче Петров** | | | | | | | | **0** |
| | **Б. Парична помош и обезбедување на посебни мерки и услуги за социјална превенција и заштита за одредени категории на лица** | | | | | | | | |
| 1 | **1. Еднократна парична помош** | 800.000 | | | | | | | **800.000** |
| 2 | **2. Еднократна материјална поддршка во дрва или сл.** | | 50.000 | | | | | | **50.000** |
| 3 | **3. Еднократна парична помош за секое новородено дете во 2019** | | | 1.500.000 | | | | | **1.500.000** |
| 4 | **4. Патролна социјална служба** | | | | 130.000 | | | | **130.000** |
| 5 | **5. Советувалишен центар за семејно насилство** | | | | | | | | **0** |
| 6 | **6. Проект ,, Општо корисна Работа,,** | | | | | | | | **0** |
| 7 | **7. Хуманитарна акција** | | | | | | | | **0** |
| 8 | **8. Хуманитарна акција по повод празникот на Општина Ѓорче Петров** | | | | | | | | **0** |
| | **В. ДЕТСКА ЗАШТИТА** | | | | | | | | **0** |
| 1 | **1. Обезбедување на средства за ослободување на плаќање на претстој во детските градинки за деца без родители и родителска грижа** | | | | | 50.000 | | | **50.000** |
| 2 | **2. Стручно усовршување на воспитно-згрижувачкиот кадар во на ЈОУДГ ,,Росица,,** | | | | | | | | **0** |
| 3 | **3. Здрава и безбедна храна-здрави и среќни деца** | | | | | | | | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 4 | **4.Обезбедување воспитно-згрижувачки кадар во градинката** | | | | 1.200.000 | | | | **0** |
| | **Вкупно** | **800.000** | **50.000** | **1.500.000** | **1.330.000** | **50.000** | **30.000** | **100.000** | **3.860.000** |

За активностите од областа на социјална, детска и здраствена заштита во Општина Ѓорче Петров што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2019 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

## IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/6**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор за 2018 година, за период од 01.01.-30.09.2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/5**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 20-тата седница одржана на ден 30.11.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и подршката на невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на културата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2018 година, за период од 01.01.-30.09.2018 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-4265/7**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

# ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ

**Надлежност :** Совет на Општина Ѓорче Петров

**Предлагач** : Градоначалник на Општина Ѓорче

**Изготвувач** : Сектор за нормативно-правни, општи работи, работи на Градоначалникот, јавни дејности и работа со Советот

- Одделение за работи на Градоначалникот и јавни дејности

# ИЗВЕШТАЈ

## За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од обласга на културата и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2018 до 30.09.2018 година

**Скопје, Ноември 2018 година**

## I. Вовед

Извештајот е изготвен во насока да даде слика за реализација на активностите планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од обласа на културата и поддршка на невладиниот сектор и ги вклучува реализираните активности за периодот од 01.01.2018 г. до 30.09.2018 г.

Активностите од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор беа насочени кон негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности, организирање културни манифестации и одбележување на значајни историски настани, верски и државни празници. Културните манифестации подразбираат и дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината, како и поттикнување и мотивирање за нивно учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации.Преку разновидната програма за култура овозможуваме како општина пред сè збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура.

## II.Реализирани активности

Во текот на 2018 година, од Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор до 30.09.2018 година се реализирани следните активности:

### 1.Организирање на културни манифестации

- Прослава на празникот *Василица*
- Прослава на празникот *Бадник*
- Прослава на празникот *Водици*
- Прослава на верскиот празник *Св. Трифун* ( с. Кучково).
- Посета на гробот на патронот Ѓорче Петров во Софија Р. Бугарија.
- Прослава на *Денот на крстот*, Кучково
- Детски фестивал *Соната* 2018
- Празник на Општината Ѓорче Петров
- Одбележување на денот на паднатите бранители во 2001 г.
- Фолклорна вечер со познати естрадни уметници
- Одбележување на државни празници во 2018 година
- Поддршка на меѓународната поетска манифестација *Антево слово*
- Поддршка на манифестацијата *Антево перо*
- Културна манифестација *Звуци на културата 2018*

### 2.Поддршка на установи и НВО од областа на културата

- Поддршка на програмата на КУД *Григор Прличев*

- Поддршка на програмата на ЕФЗ *Седум осмини*
- Поддршка на Меѓународниот Драмски фестивал за лица со и без хендикеп, „*Игри без маска* “-театар без дискриминација
- Поддршка на Центарот за изведувачки уметности и едукација *Театар Пи*
- Поддршка на автори-творци поединци во областа на културата
- Поддршка на други НВО и институции од областа на културата и творештвото
- Организирање на изложби
- Рекламирање на радио и ТВ станици
- Фотографирање и снимање

**3. Активности реализирани во Центарот за култура „Ѓорче Петров"**

- Детски фестивал „*Соната*"
- Фолклорна вечер
- Меѓународна поетска манифестација *Антево слово*
- Поетска манифестација *Антево перо*
- Заеднички концерт на основните општински училишта под мотото *„Пееме во хор, пееме и соло, сите се радуваме, нема веќе школо"*

**III Рекапитулар на потрошени финансиски средства**

За реализација на напред наведените активности од Програмата за култура и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:

## А. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВЕРСКИ И ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ, ИСТОРИСКИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

1. **Прослава на верски празници**

***1.1 Прослава на Водици***

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално беше положен Светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково.<br>Имаше и апел со цел мотивирање на женската популација за вклучување во настанот. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција . |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓ.Петров<br><br>Одделение за јавни дејности |

| | |
|---|---|
| **Постигнати резултати:** | • Афирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи и народни верувања.<br>• Граѓаните активно и масовно беа вклучени во овој традиционален настан, особено помладите генерации.<br>• Зголемено учество на жените во настанот |
| **Потрошени финансиски средства:** | **47.580,00 ден** |

### *1.2.Прослава на верскиот празник Св.Трифун*

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Овој христијански празник – Св.Трифун, во општината традиционално беше одбележан во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваа на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција. |
| **Време на реализација** | февруари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров /Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | *Граѓаните и граѓанките беа активно и масовно вклучени во одбележување на верскиот празник |
| **Потрошени финансиски средства:** | Договорни услуги **8.400,00 ден** |

### 2.Одбележување на државни празници во 2018 година

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Градоначалникот, Делегација од општинската администрација , Советот на Општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, **положија свежо цвеќе** и оддадоа почит.<br>-9 Мај ( Денот на победата против фашизмот)<br>-24 Мај ( Ден на Св. Кирил и Методиј)<br>- 8 септември (Ден на независноста)<br>-11 Октомври (Ден на народното востание)<br>-23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба)<br>-13.11.2018/ 14.11.2018 (Ден на ослободување на Ѓорче Петров и Скопје) |
| **Главна цел:** | *Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон татковината. |

| | |
|---|---|
| | *Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја.<br>*Постоеше и родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација:** | тековна активност |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | -Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан;<br>-Оддавање почит и чест, како и негување на споменот за паднатите борци<br>- Беше постигната и подеднаква родова застепеност во делегациите за полагање цвеќе |
| **Потрошени финансиски средства:** | Други оперативни расходи **30.000,00 ден** |

### 3. Одбележување на историски настани и личности од значење за општината

#### 3.1 Чествување на празникот на Патронот на Општината , посета на гробот на Патронот

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *По повод годишнината од погибието на великанот на македонската револуционерна борба,Ѓорче Петров,делегација од општината,Советот на општината,општинските училишта,градинката,делегации од партии и невладини организации,положија свежо цвеќе и оддадоа почит пред неговиот споменик, во Реонскиот парк во општината.<br>*Делегација од Општина Ѓорче Петров, предводена од градоначалникот, положија венец и свежо цвеќе на местото на погибието и на гробот на Ѓорче Петров , кој се наоѓа на централните градски гробишта во Софија. |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и чест, сеќавање и негување на споменот за овој наш македонски великан кој храбро загинал за слободата на нашата земја<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>• Беше постигнат и родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација** | 28 јуни |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Оддадена почит и чест, сеќавање и негување на споменот за Патронот на општината. |

| | |
|---|---|
| **Потрошени финансиски средства** | **4.100,00 ден** |

### 3.2 Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Со комеморативна свеченост, положување цвеќе и армиски почести, Општина Ѓорче Петров им оддаде почит на бранителите од село Волково кои загинаа во конфликтот во 2001 година. |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и негување на споменот за загинатите бранители кои загинаа во конфликтот од 2001 година.<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>* Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација** | 10 август |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | • Оддадена почит и чест и сеќавање и негување на споменот за паднатите бранители во конфликтот од 2001 година, да не се заборави нивната огромна жртва за нашата татковина. |
| **Потрошени финансиски средства:** | **16.200,00 ден** |

### 3.3.Празник на Општината-Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма по повод Празникот на Општината

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 20 септември, беше организирана богата културно-спортска програма, крос, крводарителска акција и турнири како дел од низата манифестации по повод Денот на општината.<br>На свечената седница на Советот на Општината беше доделена Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на општината. Беа доделени и признанија и награди на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата наопштината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието, образованието и за унапредување на животната средина и природата.<br>Изборот го изврши Комисијата за награди и признанија, во согласност со Правилникот за награди и признанија по претходно објавен оглас.<br>*Општината се потруди да обезбеди еднаква застапеност на мажите и жените во сите активности |
| **Главна цел:** | Целта е одбележување на Празникот на општината, зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и |

| | |
|---|---|
| | забавни манифестации. |
| **Време на реализација** | 20 септември |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија |
| **Резултати:** | • Промоција на Општина Ѓорче Петров<br>• Доделени награди и признанија за посебен придонес за афирмација на општината<br>• Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани.<br>* Подеднаква застапеност на мажите и жените од општината |
| **Потрошени финансиски средства** | * Оваа активност е реализирана, но сè уште не се доспеани сите фактури |

**3.4 Прослава на Денот на Крстот-Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржа голем општонароден собир, „Ден на Крстот". На овој ден се одржаа и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до Крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан , ликовна колонија и културно-уметничка програма.<br><br>Традиционално се делеше и војничко гравче за сите присутни гости на собирот. |
| **Главна цел:** | Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува веќе 13 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива општина. |
| **Време на реализација** | 1 Мај |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково |
| **Резултати:** | Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково. |
| **Потрошени финансиски средства:** | **255.383,00 ден** |

**Б.ПОДДРШКА НА УСТАНОВИ И НВО ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА**

**1.Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината овозможува логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија |
| **Главна цел:** | Соработка, промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Заемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација. |
| **Потрошени финансиски средства:** | **38.000,00 ден.** |

**2.Организирање на самостојни и здружени хуманитарни акции**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички поддржа неколку хуманитарни концерти ( Симона Николова, Дамјан Поповски) |
| **Главна цел:** | Поддршка и помош на социјално загрозени граѓани и поттик за хуманост, човечност и меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Поттикнување на хуманоста, човечноста, будење на свеста за меѓусебна помош на граѓаните. |
| **Потрошени финансиски средства:** | **32.300,00 ден** |

**7.Рекламирање на настани од секојдневната работа на Општината преку радио и ТВ станици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Рекламирање на настани од секојдневните активности на општината на радио и ТВ станици. |
| **Главна цел:** | Навремено информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Навремено информирани и задоволни граѓани |
| **Предвидени финансиски средства:** | **614.794,00 ден**. |

**8.Фотографирање и снимање**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Фотографирање и снимање на активности и настани кои се реализираат во текот на секојдневната работа за потребите на општината |
| **Главна цел:** | Евидентирање, информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Фотографии и снимки на настани и активности на Општината |
| **Предвидени финансиски средства:** | **30.400,00 ден** |

**В.** ***Звуците на културата 2018*** **(КУЛТУРНО ЛЕТО „ ЃОРЧЕ ПЕТРОВ 2018" )**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во периодот од 19 до 23 септември во паркот во Општина Ѓорче Петров се одржа манифестацијата „Звуците на културата“ чија цел беше да ги собере граѓаните на нашата општина но и од другите делови на Скопје во паркот,најубавиот дел на ЃП.<br>Во текот на овој настан кој траеше пет дена , беа вклучени содржини и за повозрасната популација, но и за најмладите (работилници за деца, фото бут, баскер настапи, театар на сенки., опен фан спортски игри). На овој настан нè забавуваа претежно македонски музички бендови и музичари ( Мухамед Ибрахими и Ратко Даутовски, Игор Џамбазов и Гуру Харе, Летечи пекинезери, Кристина Арнаудова,Чил плеј Бени и Нон стоп , Тони Зен, Токсиколози, Куку леле, музичката група ПМГ Колектив, потоа Миллко, Мугер Фугер и Ласт |

| | |
|---|---|
| | Експедишн како локални бендови, а настап имаа и Златко Милошевски и Мишел Трајковски кои се исто така локални изведувачи. )Во текот на настанот граѓаните можеа да уживаат во Мјузиклот „ Коштана" кој беше изведен на бина во паркот.<br>Во текот на целата манифестација имаше базар на ракотворби, презентација на храна и пијалоци од локални производители.<br>Организирана беше и хуманитарна акција, во која беа вклучени донации од поголемите маркети( храна и облека од граѓаните) и траеше во текот на целата манифестација.<br>Исто така на 22 септември (сабота) во Центарот за култура беше организирана и крводарителска акција.<br>Во рамките на Звуците на културата на 20-ти септември го одбележавме и Патрониот празник на ОЃП преку традиционален училишен крос, положување цвеќе пред споменикот на Ѓорче Петров и Свечена седница во Центарот за култура на која присуствуваа и претставници од збратимените општини.<br>Оваа манифестација заврши со проекција на филмот „Исцелител" од Ѓорче Ставрески ( ѓорчепетровец) , добитник на повеќе награди и признанија, а беше прикажана и анимираната трилогија „Кружно патување" од Жарко Иванов, еден од пионерите кои повторно ја враќаат на сцена македонската анимација. |
| **Главна цел:** | Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните , афирмација на млади таленти,како и помалку познати пејачи и бендови,издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката. |
| **Време на реализација:** | 19-23 септември / Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Потрошени финансиски средства:** | * Оваа активност е реализирана, но сè уште не се доспеани сите фактури |

**5.ПРОПРАТНИ АКТИВНОСТИ КОИ СЕ ВО ПРОГРАМАТА ЗА *ЗВУЦИТЕ НА КУЛТУРАТА* („ КУЛТУРНО ЛЕТО 2018" )**

**Б) Настап на детски танцови групи на територија на Општина Ѓорче Петров(латино-американски танци, хип-хоп, поп, рок музика)**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Настапуваа на детски танцови групи, членови на танц клубови од општината настапуваат со музички точки и ги анимираа присутните ( латино-американски |

| | |
|---|---|
| | танци,групи кои танцуваат на хип-хоп и поп музика) |
| **Главна цел:** | Вклучување на најмалите во културните активности, збогатување на културниот живот, масовна посетеност, да се анимираат најмладите во летниот период, со игра и песна да се радуваат во летниот период, но и мотивација на најмладите летните денови да ги поминуваат надвор, на отворено. |
| **Време на реализација:** | септември, Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на младите и најмалите во културниот живот и масовна посетеност на настапите. |
| **Потрошени финансиски средства:** | **2.800,00 ден.** |

**5.2 Театарска претстава**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Настап на познати македонски актери и актерки за побогат културен живот во Ѓорче. |
| **Главна цел:** | Поттик на интересот на граѓаните и љубовта кон театарот и уметноста |
| **Време на реализација:** | Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Збогатување на културниот живот, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **29.026,00 ден.** |

## Г. ПРОГРАМА ПРЕДВИДЕНА ЗА ВО ЦЕНТАРОТ ЗА КУЛТУРА „ЃОРЧЕ ПЕТРОВ" ВО ТЕКОТ НА 2018 ГОДИНА

### 1. Литературно читање во собата на Анте Поповски

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *Познати македонски поети,членови на ДПМ, во присуство на љубителите на пишаниот збор интерпретираа неколку творби . |
| **Главна цел:** | Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење. |
| **Време на** | континуирано |

| | |
|---|---|
| **реализација:** | |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Побогат културен живот, средби со македонски поети |
| **Потрошени финансиски средства:** | **7.586,00 ден** |

За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на културата и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година (за период од 01. 01. - 30. 09. 2018 година) по сите позиции:

**Вкупно планирани средства: 3.560.000,00 ден.**

**Потрошени средства : 1.116.569,00 ден.**

| | **Рекапитулар за Програма за култура Активност/позиција** | Транспорт на луѓе | Прехрамбени продукти и пијалоци | Други материјали | услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Трансфер до здруженија | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Прослава на Водици** | | | | | | 47.580 | | 47.580 |
| 2 | **Прослава на Св. Трифун** | | | | | | 8.400 | | 8.400 |
| 3 | **Одбележување на државни празници во 2018** | | | | | | 30.000 | | 30.000 |
| 4 | **Чествување на празникот на Патронот на општината, посета на гробот на Патронот** | | | | | | 4.100 | | 4.100 |
| 5 | **Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година** | | | | | | 16.200 | | 16.200 |
| 6 | **Празник на општината-Свечена седница, доделување на награди и признанија и културно-уметничка програма по повод празникот на општината** | | | | | | | | 0 |
| 7 | **Прослава на Денот на крстот-Кучково** | | 19.914 | 23.200 | 58.338 | 111.977 | 41.954 | | 255.383 |
| 8 | **Поддршка на програмата на КУД „Григор Прличев"** | | | | | | | | **0** |
| 9 | **Поддршка на автори и авторки од областа на културата преку јавен** | | | | | | | | **0** |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **повик** | | | | | | | | |
| **10** | **Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија** | | | | | | | 38.000 | **38.000** |
| **11** | **Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата** | | | | | | | | **0** |
| **12** | **Организирање на самостојни и здружени хуманитарни акции** | | | | | | 32.300 | | **32.300** |
| **13** | **Организирање на изложби** | | | | | | | | 0 |
| **14** | **Рекламирање на настани од секојдневната работа на општината преку радио и ТВ станици** | | | | | 22.434 | 592.360 | | 614.794 |
| **15** | **Фотографирање и снимање** | | | | | | 30.400 | | 30.400 |
| **16** | **Прв викенд-Отворање на манифестацијата „Културно лето"** | | | | | | | | 0 |
| **17** | **Втор викенд-Настап на алтернативни поп-рок бендови** | | | | | | | | 0 |
| **18** | **Трет викенд-Голема забава на отворено во реонскиот парк** | | | | | | | | 0 |
| **19** | **Четврти викенд-Целовечерен концерт на КУД „Григор Прличев", „Ансамбл Македонија" и гостување на КУД од странство** | | | | | | | | 0 |
| **20** | **Концерт на фолк пејачи/група** | | | | | | | | 0 |
| **21** | **Детска програма на Културно лето-Концерти одржани од детските фестивали„Соната” , „ Поточиња” и „ Златно славејче”** | | | | | | | | 0 |
| **22** | **Настап на детски танцови групи на територија на Општина Ѓорче Петров(латино-американски танци,** | | | | | | 2.800 | | 2.800 |

| | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **хип-хоп, поп, рок музика)** | | | | | | | | |
| **23** | **Театарска претстава** | | | | | | 29.026 | | 29.026 |
| **24** | **Панаѓур** | | | | | | | | 0 |
| **25** | **Литературно читање во спомен-собата на Анте Поповски** | 3.586 | 4.000 | | | | | | 7.586 |
| **26** | **Детски фестивал „Соната"** | | | | | | | | 0 |
| **27** | **Божиќна претстава за деца** | | | | | | | | 0 |
| | **Вкупно по позиции** | **3.586** | **23.914** | **23.200** | **58.338** | **134.411** | **835.120** | **38.000** | **1.116.569** |

Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1  точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на култура и поддршката на невладиниот сектор во 2019 година**

Се објавува Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/6**
**од  30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 точка 7 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" број 05/02),член 15 став 1 точка 15 од законот за Град Скопје ( „Службен весник на Република Македонија " бр.55/04), член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 20-тата седница, одржана на ден 30.11.2018 година, ја донесе следната

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа културата и поддршката на невладиниот сектор во 2019 година

## I.ПОЈДОВНИ ОСНОВИ И ЦЕЛИ

Културата на еден народ е неговото најголемо богатство, слика за неговата традиција, историја, постоење... Со одржување, збогатување и прославување на постоечките културни богатства го чуваме и одржуваме нашиот идентитет, но улогата на културата е значајна и како средство за промовирање на економскиот развој.

Тоа е и појдовна основа на Програмата за култура- да се идентификуваат постоечките и потребните извори за надградба, зацврстување и промовирање на постоечките културни богатства и вредности, да се препознаат и утврдат потребите и интересите на граѓаните, особено на најмладите за видот и типот на културни манифестации, но и да се изнајдат соодветни начини за подобра информираност и стимулација на граѓаните во културните настани.

## II. ЦЕЛИ

Основни цели на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на културата и поддршката на невладиниот сектор во 2019 година, се:

1. Негување на фолклорот, обичаите, музиката и други културни вредности,поттик за активно учество на граѓаните, особено најмладите во културните настани на општината.
2. Организирање културни манифестации, поттикнување на разновидни специфични форми на творештво,поттикнување на интерес и љубов на граѓаните и најмладите кон театарот, уметноста, културата..
3. Одбележување и потсетување назначајни историски настани, верски и државни празници,оддавање почит и чест, сеќавање и негување на споменот за значајни личности од нашата историја како и личности од значење за општината;
4. Дружење со граѓаните, но и зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации.
5. Збогатување на културниот живот, ширење на музичката и балетската култура.
6. Поддршка и промовирање на авториtermsи авторки –творци, поединци во областа на културата.

7. Институционална и финансиска поддршка на Невладини организации од областа на културата со цел реализирање на проекти од значење за општината.
8. Унапредување на учеството на жените во културните настани.
9. Да се подигне свеста  кај граѓаните за активно учество во културниот живот, но и да се даде поттик, поддршка и шанса на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници да се вклучат во културниот живот.

### III.АКТИВНОСТИ ЗА РЕАЛИЗАЦИЈА НА ПРОГРАМАТА ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

За реализација на целите на Програмата, Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање техничките и човечките ресурси. Во контекст на ова активностите најмногу ќе се насочуваат кон одржување на континуитетот на традиционалните културни манифестации.

Во текот на 2019 година, во Општина ЃорчеПетров се планира да се организираат следните културни  активности:

## А. ОДБЕЛЕЖУВАЊЕ НА ВЕРСКИ И ДРЖАВНИ ПРАЗНИЦИ, ИСТОРИСКИ НАСТАНИ И ЛИЧНОСТИ ОД ЗНАЧЕЊЕ ЗА ОПШТИНАТА

***<u>Прослава на верски празници</u>***

**1. Прослава на Водици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | По повод големиот христијански празник Богојавление – Водици, традиционално се одржува положување на светиот крст во водите на реката Вардар на Железниот мост во населба Хром и во водите на реката Лепенец во Волково. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување големиот христијански празник Богојавление – Водици и негување на македонската традиција . |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓ.Петров<br>Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | •<br>фирмација на овој традиционален настан и почитување на културните вредности, обичаи и народни верувања.<br>•<br>раѓаните активно и масовно да се вклучат во овој традиционален настан, особено помладите генерации.<br>•<br>големено учество на жените во настанот |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**2. Прослава на верскиот празник Св.Трифун**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Овој христијански празник – Св.Трифун, во Општината традиционално се одбележува во малата црква во с.Кучково каде што градоначалникот и верниците присуствуваат на традиционалната централна манифестација на закројување на лозјата и овошките. |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е одбележување на христијанскиот празник Св. Трифун и негување на македонската традиција. |
| **Време на реализација** | февруари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров /Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | • ктивно и масовно вклучување на граѓаните и граѓанките во одбележување на верскиот празник |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**3. Одбележување на државни празници во 2019 година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Градоначалникот, Делегација од општинската администрација , Советот на Општината, невладини организации, општински училишта, градинката, делегации од партии и невладини организации, **положуваат свежо цвеќе** и оддаваат почит.<br>-9 Мај ( Денот на победата против фашизмот)<br>-24 Мај ( Ден на Св. Кирил и Методиј)<br>- 8 септември (Ден на независноста)<br>-11 Октомври (Ден на народното востание)<br>-23 Октомври (Ден на македонската револуционерна борба)<br>-13.11.2018/ 14.11.2018 (Ден на ослободување на Ѓорче Петров и Скопје)<br>-8 декември (Ден на Св. Климент Охридски) |
| **Главна цел:** | *Одбележување на државни празници, зачувување и негување традицијата, истакнување на значајни историски настани, како и поттикнување на патриотскиот дух кај граѓаните и љубов кон татковината.<br>*Оддавање почит и негување на споменот за загинатите борци кои храбро загинале за слободата на нашата земја.<br>*Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација:** | тековна активност |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | -Одбележување на државни празници; активно и масовно вклучени граѓани во овој традиционален настан;<br>-Оддавање почит и чест, како и негување на споменот за паднатите борци<br>- Подеднаква родова застепеност во делегациите за полагање цвеќе |
| **Предвидени финансиски средства:** | **30.000,00 ден.** |

***Одбележување на историски настани и личности од значење за општината***

**4. Чествување на празникот на Патронот на Општината , посета на гробот на Патронот**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | *По повод годишнината од погибието на великанот на македонската револуционерна борба,Ѓорче Петров,делегација од општината,Советот на општината,општинските училишта,градинката,делегации од партии и невладини организации,положуваат свежо цвеќе и му оддаваат почит пред неговиот споменик, во Реонскиот парк во општината.<br>*Делегација од Општина Ѓорче Петров, предводена од градоначалникот, положува венец и свежо цвеќе на |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и чест, сеќавање и негување на споменот за овој наш македонски великан кој храбро загинал за слободата на нашата земја<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>* Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација** | 28 јуни |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Оддадена почит и чест, сеќавање и негување на споменот за Патронот на Општината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**5. Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Со комеморативна свеченост, положување цвеќе и армиски почести, Општина Ѓорче Петров им оддава почит на бранителите од село Волково кои загинаа во |
| **Главна цел:** | •Оддавање почит и негување на споменот за загинатите бранители кои загинаа во конфликтот од 2001 година.<br>•Негување и поттик на патриотските чувства на граѓаните.<br>* Родов баланс во делегациите за полагање цвеќе. |
| **Време на реализација** | 10 август |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Оддадена почит и чест и сеќавање и негување на споменот за паднатите бранители во конфликтот од 2001 година, да не се заборави нивната огромна жртва за нашата татковина. |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**6. Литературно читање во собата на Анте Поповски**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | * Поддршка за одржување на Меѓународната поетско-културна манифестација „Анте Поповски-Антево перо" и доделување на наградата Антево слово во чест на истакнатиот поет, писател и академик Анте поповски. Во текот на оваа манифестација се читаат песни од наградените, се емитува видео материјал и се доделуваат награди и благодарници од страна на организаторот. |
| **Главна цел:** | Да се доближи пишаниот збор до граѓаните, до децата, збогатување на културниот живот, поетско дружење. |
| **Време на реализација:** | континуирано |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Побогат културен живот, средби со македонски поети |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**7. Ден на општината**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | **Одбележување на Денот на општината со Свечена седница; доделување награди и признанија и културна програма**<br>На 20 септември, се организира богата културно-спортска програма, крос, крводарителска акција и турнири кои се дел од низата манифестации по повод денот на Општината.<br>На свечената седница на Советот на Општината се доделува Годишна награда „Ѓорче Петров" која се доделува за посебен придонес за афирмација на Општината. Се доделуваат и признанија и награди кои им се доделуваат на поединци и фирми кои дале придонес за развојот и афирмацијата наопштината преку нивните остварувања во стопанството, науката и уметноста, културата и спортот, воспитанието, образованието и за |
| **Главна цел:** | Целта е одбележување на Празникот на општината, зближување на граѓаните со работата на општината преку спортските и културните манифестации, како и поттикнување и мотивирање за учество во спортски, образовни, културни и забавни манифестации. |
| **Време на реализација** | 20 септември |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров/Комисија за награди и признанија |
| **Резултати:** | -Промоција на Општина Ѓорче Петров<br>-Доделување на награди и признанија за посебен придонес за афирмација на општината<br>-Активно вклучување на граѓаните, учениците и вработените во прославувањето преку учество во културните и спортските настани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **180.000,00 ден** |

**8. Прослава на Денот на Крстот-Кучково**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На 1-ви Мај во село Кучково традиционално,се одржува голем општонароден собир, „Ден на Крстот". На овој ден ќе се одржат и рекреативен Ревијален марш од средсело во с. Кучково до Крстот, презентација на македонски овчарски кучиња од Кинолошки клуб, спортски игри: крос, Опен фан, ликовна колонија и културно-уметничка програма. |

| | |
|---|---|
| | Традиционално се дели војничко гравче за сите присутни гости на собирот. |
| **Главна цел:** | Анимирање на граѓаните, дружење со граѓаните и негување на традицијата. Истовремено со овој културен настан кој традиционално се одржува веќе 13 години, Општина Ѓорче Петров да стане препознатлива. |
| **Време на реализација** | 1 Мај |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров и МЗ Кучково |
| **Резултати:** | Активно вклучување на граѓаните во одржување и негување на македонската традиција, препознатлив културен настан и промовирање на с. Кучково. |
| **Предвидени финансиски средства** | **620.000,00 ден** |

**9. Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината дава логистичка и финансиска поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата на територијата на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија |
| **Главна цел:** | Соработка,промовирање и поддршка на активностите на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани во областа на културата. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Заемна доверба, соработка,партнерство, независност, учество, транспарентност, одговорност, еднакви можности и недискриминација. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **100.000,00 ден.** |

**10. Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Оваа активност се однесува на партиципација на Општина Ѓорче Петров во проекти од областа на културата или за кои Општина Ѓорче Петров има потпишано меморандуми за соработка. Активноста подразбира добивање на логистичка, техничка и финансиска подршка на проектите за кои општината е согласна дека ќе се реализираат во соработка со владини или невладини организации. |
| **Главна цел:** | Целта на овие активности е издигнување на културнатасвест на граѓаните, но и да се даде поттик и шанса особено преку финансиска поддршка на младите уметници, талентираните граѓани, културните работници активно да се вклучат во културните настани за создавање на одговорно општество.<br>Исто така целта на општината е успешна реализација на проектите и нивно следење и вреднување. |
| **Време на реализација** | Во текот на 2018 година |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Резултати:** | • Ефективна и ефикасна реализација на проектите<br>• Одржлив развој на проектите<br>• Зацврстување на соработката на општината со невладиниот сектор |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**11.Организирање на изложби**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Општината финансиски и логистички организира изложби |
| **Главна цел:** | Поддршка на уметници и поттикнување на граѓаните помасовно да се вклучат во културни манифестации, подигнување на свеста на граѓаните за културните вредности. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Афирмација на уметници, издигнување на културната свест кај граѓаните и информираност за културните настани.<br>Активно и помасовно вклучување на граѓаните во |

| | |
|---|---|
| | културните настани како и поттик и поддршка на уметници во Општината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**12. Рекламирање на настани од секојдневната работа на Општината преку радио и ТВ станици**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Рекламирање на настани од секојдневните активности на општината на радио и ТВ станици. |
| **Главна цел:** | Навремено информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Навремено информирани и задоволни граѓани |
| **Предвидени финансиски средства:** | **600.000,00 ден**. |

**13.Фотографирање и снимање**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Фотографирање и снимање на активности и настани кои се реализираат во текот на секојдневната работа за потребите на општината |
| **Главна цел:** | Евидентирање, информирање и известување на граѓаните за тековните настани кои се реализираат во Општината. |
| **Време на реализација:** | тековно |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/ Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Фотографии и снимки на настани и активности на Општината |
| **Предвидени финансиски средства:** | **90.000,00 ден.** |

***Манифестации на територијата на Општина Ѓорче Петров***

**14. Звуците на културата 2019**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Во рамките на манифестацијата *„Звуците на културата"* чија цел е да ги собере граѓаните на нашата општина но и од другите делови на Скопје во паркот,најубавиот дел на ЃП.<br>Планирани се содржини и за повозрасната популација, но и за најмладите (работилници за деца, фото бут, баскер настапи, театар на сенки, спортски игри). На овој настан граѓаните ќе можат да уживаат во изведбата на македонски музички бендови и музичари , пред сѐ локални бендови и изведувачи како и настапи на културно-уметнички друштва кои со своите традиционални песни и ора ќе ја раздвижат публиката и на присутните ќе им овозможат задоволство и уживање во летниот период.<br>Планирано е и да има базар на ракотворби, презентација на храна и пијалоци од локални производители, хуманитарни акции.( *Ќе биде поттикнато учество на жени изложувачи.)<br>Традиционално, како и секоја година до сега ќе се организира и крводарителска акција во Центарот за култура. |
| **Главна цел:** | Збогатување на културниот живот, издигнување на културната свест на граѓаните , афирмација на млади таленти,како и помалку познати пејачи и бендови,издигнување на културата и во периферијата на градот, промоција, афирмација и негување на македонскиот фолклор и традиција , вклучување и на повозрасните во изведбата и во публиката. |
| **Време на реализација:** | јуни-септември (3-5 дена) / Реонски парк |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Активно и масовно учество на граѓаните во културниот живот , масовна посетеност на настапите. Збогатување на културниот живот на граѓаните од сите возрасти, децата, младите, масовна посетеност, анимирани и задоволни граѓани. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **820.000,00 ден.** |

*Општината ќе има тенденција да промовира родов баланс при изборот на учесници

***<u>Културни манифестации на основните училишта</u>***

**15. Детски фестивал „Соната"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | На овој оригинален детски фестивал учествуваат млади автори на музика и текст од основните училишта од |

| | |
|---|---|
| | Општина Ѓорче Петров и секоја година настапуваат со нови композиции. |
| **Главна цел:** | Негување на културните вредности, поттик за активно учество на учениците на фестивалот и промовирање на музиката и културата меѓу најмладите. |
| **Време на реализација:** | септември |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров/Одделение за Јавни дејности |
| **Резултати:** | Активно учество на младите во областа на културата и истакнување на талентот кај најмладите |
| **Предвидени финансиски средства:** | **60.000,00 ден** |

**16. Заеднички концерт на основните училишта „Пееме во хор, пееме и соло"**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Училишните хорови од сите шест основни училишта во Општина Ѓорче Петров настапуваат на заеднички концерт под мотото „Пееме во хор, пееме и соло, сите се радуваме, нема веќе школо". Концертот не е со натпреварувачки карактер туку е можност на секое од ООУа да се претставaт со свои изведби по свој избор и е пред се дружење и меѓусебна соработка на учениците и наставниците по музичко од основните училишта, како и размена на нивните искуства. |
| **Главна цел:** | Поттик и мотивирање на учениците да го истакнат својот талент, да ги искажат своите музички способности , но и поттик за учениците, како и наставниците да се трудат, да веруваат во својот успех и во своето знаење. Исто така е и можност за соработка меѓу наставниците по музичко и меѓу децата од секое општинско основно училиште. |
| **Време на реализација:** | мај/Центар за култура |
| **Носител на активноста:** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | Мотивирани, самоуверени и исполнети ученици и наставници како и подлабока соработка меѓу наставниците по музичко од сите основни општински училишта. Активно учество на децата во културниот живот во општината и негување и поттикнување на нивната љубов кон музиката. |

| | |
|---|---|
| **Предвидени финансиски средства:** | / |

**17 .Божиќна претстава за деца**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Македонски актери ги забавуваат најмладите со новогодишна претстава која ќе ги понесе во светот на |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е поттикнување на интерес и љубов на децата кон театарот, уметноста, културата. |
| **Време на реализација** | јануари |
| **Носител на активноста** | Општина Ѓорче Петров |
| **Резултати:** | -Обогатување на културниот живот на најмалите во Општината<br>-Задоволни и среќни дечиња |
| **Предвидени финансиски средства:** | **20.000,00 ден** |

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ НА АКТИВНОСТИТЕ ОД ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА

Финансирањето на активностите утврдени со програмата на општина Ѓорче Петров, кое во вкупен износ изнесува 2.520.000,00 денари е предвидено со Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

За активностите од областа на културата што ги опфаќа Програмата, а кои ќе се појават во текот на 2019 година ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства во Буџетот на Општина Ѓорче Петров.

***Рекапитулар***

| | **Рекапитилар на Програмата за култура Активност/позиција** | Транспорт на луѓе | Прехрамбени продукти и пијалоци | | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други договорни услуги | Други оперативни расходи | Други трансфери за физички лица и уметници | Трансфер до здруженија | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | **Прослава на Водици** | | | | | | | | | 0 |
| 2 | **Прослава на Св. Трифун** | | | | | | | | | 0 |
| 3 | **Одбележување на државни празници во 2019** | | | | | | 30.000 | | | 30.000 |
| 4 | **Чествување на празникот на Патронот на општината, посета на гробот на Патронот** | | | | | | 0 | | | 0 |
| 5 | **Одбележување на Денот на паднатите бранители во 2001 година** | | | | | | | | | 0 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **6** | **Литературно читање Анте Поповски** | | | | | | | | | **0** |
| **7** | **Празник на општината** | | | 10.000 | 50.000 | 60.000 | 60.000 | | | 180.000 |
| **8** | **Прослава на Денот на крстот-Кучково** | 10.000 | 400.000 | | 50.000 | 100.000 | 60.000 | | | 620.000 |
| **9** | **Финансиски средства за поддршка на автори/авторки, уметници, самостојни уметници, здруженија на граѓани, фондации и други правни и физички лица што вршат дејност од областа на културата во согласност со Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Македонија** | | | | | | | 50.000 | 50.000 | **100.000** |
| **10** | **Поддршка и партиципација во надворешни проекти од областа на културата** | | | | | | | | | **0** |
| **11** | **Организирање на изложби** | | | | | | | | | **0** |
| **12** | **Рекламирање на настани од секојдневната работа на општината преку радио и ТВ станици** | | | | | | 600.000 | | | **600.000** |
| **13** | **Фотографирање и снимање** | | | | | | 90.000 | | | **90.000** |
| **14** | **Манифестација „Звуците на културата"** | | | | | 760.000 | 60.000 | | | **820.000** |
| **15** | **Детски фестивал „Соната"** | | | | | 60.000 | | | | **60.000** |
| **16** | **Заеднички концерт на ООУа** | | | | | | | | | **0** |
| **17** | **Божиќна претстава за деца** | | | | | 20.000 | | | | **20.000** |
| | **Вкупно по позиции** | **10.000** | **400.000** | **10.000** | **100.000** | **1.000.000** | **900.000** | **50.000** | **50.000** | **2.520.000** |

# IV. ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Реализацијата и следењето на активностите од оваа Програма ќе се одвива преку Одделението за јавни дејности.

Програмата е отворена за предлози, сугестии и мислења.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/8**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2018 година период од 01.01.-30.09.2018 година, Извештај за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петровза период од 01.01-30.09.2018 година и Извештај за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров за 2018 година**

Се објавува Одлуката за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година, Извештајот за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2018 година и Извештајот за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/7**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 16 став 1 точка 7 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 20-тата седница одржана на ден 30.11.2018 година ја донесе следната

**О Д Л У К А**
**за усвојување на Извештај за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и подршката на невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров 01.01-30.09.2018 година, Извештај за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2018 година и Извештај за работа на отворена забавна**
**фудбалска школа Ѓорче Петров за период**
**од 01.01.-30.09.2018 година**

**Член 1**

Советот на Општина Ѓорче Петров го усвои Извештајот за реализација на Програмата за активностите од областа на спортот, рекреацијата и невладиниот сектор во Општина Ѓорче Петров за 2018 година, за период од 01.01.-30.09.2018 година, Извештај за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за период од 01.01-30.09.2018 година и Извештај за работа на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров за 01.01-30.09.2018 година.

Извештајот е составен дел од оваа Одлука.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров“.

**Број 08-4265/9** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.11.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**

**Надлежност**:  Совет на Општина  Ѓорче Петров

**Предлагач:**      Градоначалник на Општина
Ѓорче Петров

**Изготвувач**:   Сектор за нормативно-правни, општи работи, работи на Градоначалникот, јавни дејности и работа со Советот
-Одделение за работи на Градоначалникот и јавни дејности

# ИЗВЕШТАЈ

**За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за период од 01.01.2018 до 30.09. 2018 година**

**Скопје, Ноември 2018 година**

# I.ВОВЕД

Извештајот е изготвен да даде слика за реализација на активностите во областа на спортот во период од 01.01.2018 до 30.09.2018, кои се планирани во Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор.

Активностите од областа на спортот се насочени кон зголемување на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности преку развој на училишниот спорт, обезбедувајќи организациска поставеност, општински систем на натпревари и поддршка на спортските активности на ученици од основните училишта во Општина Ѓорче Петров; Создавање услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи, и гостување во Општина Ѓорче Петров на спортисти со постигнати врвни резултати.

За реализирање на активностите од програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот секор за 2018 година, општината ги превзема сите потребни активности.

## II. РЕАЛИЗИРАНИ АКТИВНОСТИ

Во текот на 2018 година во период од 01.01.2018 до 30.09.2018, согласно програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор се реализирани следните активности:

**1.Традиционални спортски активности и манифестации**

- Бон Бон куп
- Традиционален Крос
- Спорт за сите деца
- Мото Крос Трка ОРМАН 2018
- Ридско планинска велосипедска трка 2018
- Поддршка на училишниот спорт
- Поддршка на забавниот училишен спорт ( OPEN FUN )
- Уличен баскет 3x3

**2.Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

- Поддршка на спортски манифестации-традиционални и меморијални турнири.

- Поддршка на Меморијален турнир во мал фудбал „Дарко Брњачевски,, вкупно 75.036,00 ден
- Поддршка на Традиционален турнир во мал фудбал „Ге-Ге Куп 2018,, вкупно 205.000,00 ден

- Поддршка на спортски клубови

- Спортски клуб Македонија
- Поддршка на ФК Волково
- Поддршка на Спортски Клуб Безбедност
- Поддршка на Кошаркарски клуб ТНТ
- Поддршка на Ракометен Клуб Ѓорче Петров
- Поддршка на Боксерски Клуб Десет Шеесет
- Поддршка на Фудбалски Клуб Македонија Ѓорче Петров
- Поддршка на Ракометен Клуб Ангели-Волково

## III. РЕКАПИТУЛАР ЗА ПОТРОШЕНИ ФИНАНСИСКИ СРЕТСВА

За реализација на напред наведените активности од Програмата за спорт и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година, во текстот подолу даден е детален преглед за сите потрошени средства и тоа:

### А. Транспорт на луѓе

| **Потрошени средства од Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| | **Позиции** | Одделенија за Јавни дејности |
| 4.500,00 ден | Превоз на патници-гости од Јувентус, од стадион Македонски Лавови до зоолошка градина. | |
| 12.810,00 ден | Превоз на ученици од Скопје-Штип-Скопје за натпревар на државно првенство. | |
| **17.310,00 ден** | **ВКУПНО** | |

### Б. Услуги за копирање, печатење и издавање

| **Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| | **позиции** | Одделенија за Јавни дејности |
| 80.000,00 ден | Изработка на медаљи, пехари и дипломи за училишен спорт | |
| 2.706,00 ден | Изработка на рекламен материјал, гумирано платно, со натпис на општината кое е поставено на стадионот на ФК Македонија | |
| 75.036,00 ден | Набавка и печатење на маици за потребите на Меморијалниот турнир во мал фудбал ,, Дарко Брњачевски,, | |
| **157.742,00 ден** | **ВКУПНО** | |

### В. Други оперативни расходи

| **Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| | **Позиции** | Одделенија за Јавни дејности |
| 1000,00 ден | Трошоци за организирање на шаховски турнир ( во организација на ОСУС-општински | |

| | | |
|---|---|---|
| | сојуз на училишен спорт) | |
| **1000,00 ден** | **ВКУПНО** | |

## Г. Трансвери до здруженија на граѓани и фондации

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | **Позиции** | |
| 48.000,00 ден | Центар за едукација и менаџмент во спортот за реалиација на акционен план на Општина Ѓорче Петров | Одделенија за Јавни дејности |
| 180.000,00 ден | Здружение за популаризација на 3x3 баскет | |
| 189.000,00 ден | Отворени забавни фудбалски школи (Open Fun Football school) | |
| 10.000,00 ден | Проект „ Гушни го Скопје„ | |
| 20.000,00 ден | Покривање на трошкови за меѓународен турнир на коњачки клуб БРАВАДОС | |
| 206.100,00 ден | Здружение на граѓањи на Општински Сојуз на Училишен Спорт | |
| **653.000,00 ден** | **ВКУПНО** | |

## Д. Трансфер до спортски клубови

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | **Позиции** | |
| 1.200.000,00 ден | Трансфер до спортски клуб Македонија | Одделенија за Јавни дејности |
| 300.000,00 ден | Исплата по одлука на ФК Волково | |
| 45.000,00 ден | Исплата по решение на БК Безбедност | |
| 300.000,00 ден | Исплата до Ракометен Клуб Македонија Ѓорче Петров | |
| 20.000,00 ден | Покривање на трошоци за набавка на спортска опрема на кошаркарски клуб ТНТ | |
| 40.000,00 ден | Покривање на трошоци за набавка на спортка опрема за Боксерски клуб десет шеесет 1060 | |
| 900.000,00 ден | Трансвер до ФК Македонија Ѓорче Петров | |
| 300.000,00 ден | Трансвер на средства до Карате Клуб Ѓорче Петров за покривање на трошоци за монографија на клубот | |
| 200.000,00 ден | Исплата за РК Ангели-Волково | |
| 738.000,00 ден | Трансер до ФК Македонија Ѓорче Петров | |
| 205.000,00 ден | Исплата на ФК Волково( За турнир Ге-Ге Куп 2018 | |
| 500.000,00 ден | Трансвер до ФК Македонија Ѓорче Петров | |
| **4.778.000,00 ден** | **ВКУПНО** | |

**Ѓ.** Еднократна парична поддршка, за клубови и физички лица (донаторска сметка)

А. Физички лица

| Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П. | | Носител |
|---|---|---|
| | **Позиции** | |
| 10.000,00 ден | Апостолоски Јовица-Планинар | Одделенија за Јавни |

| | | |
|---|---|---|
| 10.000,00 ден | Игор Јовановски-Планинар | дејности |
| 20.000,00 ден | Петар Герасимов-Планинар | |
| 15.000,00 ден | Елена Зизовска-Триатлон | |
| 15.000,00 ден | Ена-Елена Спасовска-Пливање | |
| 10.000,00 ден | Стојан Крстевски | |
| 20.000,00 ден | Наташа Поповска | |
| **100.000,00 ден** | **ВКУПНО** | |

Б. Клубови

| **Потрошени с/ва во Буџетот на Општина Ѓ.П.** | | **Носител** |
|---|---|---|
| | **Позиции** | Одделенија за Јавни дејности |
| 15.000,00 ден | Здружение ,Кошаркарски Клуб Вибас Баскет | |
| 20.000,00 ден | Боксерски Клуб 1060 (десет шеесет) | |
| **35.000,00 ден** | **ВКУПНО** | |

За реализација на програмата за активностите на Општината Ѓорче Петров од областа на спортот и поддршка на невладиниот сектор за 2018 година (за период од 01. 01. - 30. 09. 2018 година) по сите позиции освен донаторската сметка, потрошени се :

**Вкупно планирани средства: 9.090.000,00 ден.**

**Потрошени средства : 5.607.152,00 ден.**

| | **Активност/позиција** | Транспорт на луѓе (ученици, наставници) | Услуги за печатење, копирање и издавање | Други оперативни расходи | Трансфер до спортски клубови | Трансфер до НВО | **Вкупно по активност** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | **1. Традиционални спортски активности и манифестации** | 12.810 | 80.000 | 1.000 | 0 | 585.100 | 678.910 |
| 1 | **Бон-бон куп- Забавно спортска рекреација за деца** | 0 | | | | | |
| 2 | **,, Традиционален крос “ – Активност која ќе се реализира по повод Празникот на општината.** | | | | | | |
| 3 | **4. ,, Шаховска табла“-турнир во шах -** | | | | | | |
| 4 | **Ден на крстот –Традиционални селски игри** | 0 | | | | | |
| 5 | **Поддрка на невладини организации - за развој на училишниот спорт на основните училишта во општина Ѓорче Петров:** | 12.810 | 80.000 | 1.000 | | 206.100 | **304.410** |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 6 | Поддршка на  невладини организации - за реализирањеназабавно училишен спорт OPEN FUN | | | | | 189.000 | **189.000** |
| 7 | Поддрка на невладини организации - за   реализирање на спортско-рекреативните активности за развој на децата од предучилишна и одделенска возраст во општина Ѓорче Петров: | | | | | 10.000 | **10.000** |
| 8 | Уличен баскет 3Х3 | | | | | 180.000 | **180.000** |
| | **2.Поддршка на установи и НВО од областа на спортот,спортисти и спортски клубови,програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров** | 4.500 | 77.742 | 0 | 4.778.000 | 68.000 | 4.928.242 |
| 1 | Спортски манифестации , традиционални и мемориjални турнири | | 75.036 | | | | **75.036** |
| 2 | Поддршка на спортските клубови   на територија на општина Ѓорче Петров, | 4.500 | 2.706 | | 4.778.000 | 20.000 | **4.805.206** |
| 3 | Материјална поддршка на спортистите  на територија на Општина Ѓорче Петров | | | | | 48.000 | **48.000** |
| | Вкупно по позиција | **17.310** | **157.742** | **1.000** | **4.778.000** | **653.100** | **5.607.152** |

**Извештајот за реализација на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот и поддршката на невладиниот сектор за 2018 година за период од 01.01.-30.09.2018 година, градоначалникот како Предлагач на истиот го доставува до Советот на Општина Ѓорче Петров на разгледување и усвојување.**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2019 година, Програма за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за 2019 година и Договор за соработка на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор за 2019 година, Програма за работата на Општинскиот Сојуз на Училишен спорт Ѓорче Петров за 2019 година и Договорот за соработка на отворена забавна фудбалска школа Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2019 година.

**Број 09-4408/8**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 22 став 1, и член 36 став 1 од Законот локална самоуправа (Службен весник на Република Македонија бр 5/2002) и член 16 став 1 точка 16 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст)(Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на општина на 20-тата на седницата одржана на ден 30.11.2018 година ја донесе следната:

# П Р О Г Р А М А
## за активностите на Општина Ѓорче Петров во обласа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор во 2019 година

## I. ПОЈДОВНИ ОСНОВИ

**Афирмирање** на Општина Ѓорче Петров како развиен спортски центар со рекреативно-спортски карактеристики што соодветствуваат на неговиот статус на препознатлива општина на Република Македонија;

**Зголемување** на опфатот на млади граѓани со спорт и спортско рекреативни активности.

**Развој на училишниот спорт**, обезбедувајќи организациска поставеност, општински систем на натпревари и поддршка на спортските активности на учениците од основните училишта во Општина Ѓорче Петров.

**Создавање** услови за настапи во земјата и во странство, на наши истакнати спортисти и на млади спортски надежи, и гостување во Општина Ѓорче Петров на спортисти со постигнати врвни резултати во меѓународна конкуренција.

**Развој и поддршка** на програмите за спорт и рекреација на лицата со посебни потреби на подрачјето на Општина Ѓорче Петров.

**Креирање** политики за интегрирање родов пристап во секоја од фазите односно вклучување на родова перспектива во локалните програми на Општина Ѓорче Петров.

**Цели** на Програмата за активностите на Општина Ѓорче Петров во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладиниот сектор во 2019 година, се:

1. Развој на **училишниот спорт** и реализирање на сите програмски активности од општинско, регионално и државно натпреварување.
2. Учество на Општината во организирањето и збогатувањето на спортско-рекреативниот живот на **младите** со посебен акцент на масовниот спорт.
3. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности на **граѓаните**, посебно младите и здруженијата на граѓани од областа на спортот.
4. **Преку спортот и рекреацијата, афирмација** на Општината како развиен спортски центар во Република Македонија и надвор од неа.

5. Создавање на услови за правилно насочување на младите и организирање на нивните спортски активности.
6. Создавање услови за реализирање на спортско-рекреативните активности за развој на децата од предучилишната и одделенската возраст, преку проекти за **унапдување на физичкото образование**.
7. **Сите граѓани** на општината своето слободно време да го користат за реализирање на спортските активности, при што ќе ги развиваат позитивните вредности на спортот кои подоцна ќе ги негуваат како животни вредности.

## II. АКТИВНОСТИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА СПОРТСКИ И РЕКРЕАТИВНИТЕ СОДРЖИНИ

Активностите во областа на спортот и рекреацијата, Општина Ѓорче Петров ќе ги насочи кон поттикнување, поддржување и помагање во остварувањето на целите на оваа Програма.

Општина Ѓорче Петров ќе ги превземе сите потребни активности и ќе ги стави на располагање своите технички и човечки ресурси.

Активностите најмногу ќе се насочуваат кон поттикнување на младите во развување на здрави спортски навики и подобрување на општата здравсвена сојстојба преку физичката култура како и кон сочувување на континуитетот на традиционалните манифестации, развивање на масовниот спорт, поддржување на екипи и поединци кои постигнуваат врвни резултати и ја афирмираат Општина Ѓорче Петров во државата и надвор од неа.
Во текот на 2019 година, во Општина Ѓорче Петров се планира да се спроведат следните спортски активности:

### А. Традиционални спортски активности и манифестации

**Цел**

Основна цел оваа активност е организирање на спортски активност, за зачувување на контиунитетот на манифестации за кои има интерес од граѓаните и основните училишта, а кои со својата актуелност, атрактивност, значење и квалитет, придонесуваат за остварување на програмските цели во областа на спортот на Општина Ѓорче Петров, подигање на свеста за спорт и рекреација на учениците и локалното население.

**Носител**

Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, ќе се спроведе од страна на Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за финансиски прашања на Општина, а ќе се реализираат од страна на основните училишта и месните заедници со подршка и соработка на Одделението за Јавни дејности.

**Планирање на финансики средства**

Средствата за рализација на ова активност ќе се обезбедат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година.

За спроведување на овие активности како посебен мерка при обезбедувањето на материјални сретства во Општина Ѓорче Петров, потребни се годишни средства во износ од вкупно **600.000,оо денари**.

Општина Ѓорче Петров ќе ги финансира традиционалните спортски активности и манифестации од локален карактер, со цел **зачувување на континуитетот** на вакви манифестации за кои има интерес од граѓаните и кои се во интерес на развојот на спортот во Општина Ѓорче Петров:

**1.** Забавна спортска рекреација за деца**,** активност која се реализира **преку целата учебната година**, на Различни локации , преку Отворените забавни фудбалски школи (Open Fun Football School), со конкретниве обврски на Отворените Забавни Фудбалски Школи:

- Организирање на обука за сите лидери од Отворени Забавни Фудбалски Школи.
- Да се повикаат и да се обучат 2 лидери, 12 тренери на еден семинар за тренери . Сите семинари ќе се одржат по специјалниот концепт на "забавен фудбал".
- Сите инструктори, лидери и тренери ќе добијат торба со комплетна спортска опрема, која ќе се употребувува на семинарот и за време на работата на школата**.**
- По имплементација на програмата и активностите на школата, секој од тренерите и лидерите ќе добие сертификат за Grassroots тренер.
- Организаторот за сите деца учесници на школата ќе обезбеди лична опрема која ќе остане во сопственост на учесниците. Видот и количината на оваа опрема ќе бидат договорени дополнително, со Анекс кон овој договор, а во зависност од видот и количината на опрема која ќе биде донирана за организацијата на Отворени Забавни Фудбалски Школи во Македонија.
- Организаторот за имплементација на сите школи ќе обезбеди спортски реквизити и материјали неопходни за имплементација на активноста, а кои понатака ќе останат во сопственост на општината, со цел да се распределат во основните училишта и другите институции – во зависност од приоритетите на општината. Освен ова, организаторот за работата на школата ќе обезбеди и други реквизити кои после завршувањето на школата ќе му се вратат на организаторот.
- Видот и количината на оваа опрема ќе бидат договорени дополнително, со Анекс кон овој договор, а во зависност од видот и количината на опрема која ќе биде донирана за

организацијата на Отворени Забавни Фудбалски Школи во Македонија.
Евалуација и извештај за активностите наведени во планот и програмата на ОЗФШ 2019 година.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Согледувајќи ја потребата од вклучување на поголем број ученици во спортските активности, т.е. масовно учество во спортските активности, едукација на одделенските наставници за работа по забавен концепт, потребата од оттргнување на децата од седење пред компјутерите, подигањето на свеста за здрав начин на живот, предлагаме програма со која ќе се допринесе за |
| **Главна цел:** | Целта на активностите подигање на спортската свест кај најмладата популација, дружење и спортување без разлика на етничка, верска и родова припадност. |
| **Време на реализација** | Во текот на цела година |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | -Поголем број на ученици во забавни спортски активности.<br>-Здрав начин на живеење, начин на исхрана и спортска социјализација.<br>-Правилно користење на слободното време.<br>-Рамномерна вклученост на машките и женските ученици во натпреварите. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

***<u>За денот на општината ќе бидат организирани следниве манифестации</u>***

**2. „ Традиционален крос “ –**Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината**. Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста се спроведува заедно со основните училишта од општината, во соработка со локалниот преставник на МВР.<br>Од секое училишта учествуваат по 6(шест) ученика, од VI до IX одделение, 3(три) машки и 3(три) женски деца од едно училиште, вкупна бројка на ученици е 18(осумнаесет), трката е симболична и не е од |
| **Главна цел:** | Целта на активностите е обележување и оддавање чест |

| | |
|---|---|
| | на Празникот на општината. |
| **Време на реализација** | На празникот на Општината-Септември |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | -Социјализација на учениците.<br>-Спортска дисциплина преку атлетиката на отворено.<br>-Рамномерна вклученост на машките и женските ученици во натпреварите. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **5.000,00 ден** |

3. **„ Шаховска табла"-турнир во шах -** Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината.** Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со месните заедници.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува турнир во шах, односно 10 екипи, кои претходно се канат со покани, се игра по бергеров систем. |
| **Главна цел:** | Целта на активностите одржување на традицијата на една од најубавите друштвени игри. |
| **Време на реализација** | За празникот на општината. |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | -Афирмација на шаховската игра<br>-Учество на квалитетни екипи<br>-Рамномерна вклученост на машките и женските ученици во натпреварите. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **5.000,00 ден** |

**4. „4 Fast 4 Furious"-** Забавно спортска рекреација за деца со **мултиетнички карактер, со еднакви можности и измешани тимови од машки и женски.**

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува штафетна трка-4 пати по 100 метри, а ќе учествуваат ученици од основните општински училишта од VI до IX одделение од подрачјето на општина Ѓорче Петров.Учениците ќе се натпреваруваат по групи од 4(четири) ученика, 2(две) момчиња и 2(две) девојчиња, во кружна или во 4(четири) дистанци од по 100 метри. Активноста ќе се реализира на стадионот Македонски Лавови, во |
| **Главна цел:** | -Целта на активноста е учење на атлетиката преку практично изведување на трката.<br>-Дружење на учениците. |
| **Време на реализација** | Кон крајот на учебната година. |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | -Афирмација на атлетиката<br>-Фер трка<br>-Рамномерна вклученост на машките и женските ученици во натпреварите. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **5.000,00 ден** |

**5. „Спортуваме-другаруваме “** активност за деца со **посебни потреби,** активност која се реализира на **крајот на учебната година**, во Сала Христо Батанџиев- Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со основните училишта.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува запознавање на децата со посебни потреби со основите на спортовите, преку адекватни игри, ситуации, вербално објаснување и интеракција.<br><br>Потенцирање и давање на знаење како на децата така и на родителите дека спортот, со правилен пристап може |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е инкузија на лицата со посебни потреби, кои низ спортски активности, дизајнирани за нивните можности, ќе можат да се запознаат со спортовите, правила на игра, да се охрабрат да тренираат и на тој начин да се јакне нивната самодоверба и можност за развој. |

| | |
|---|---|
| **Време на реализација** | Во текот на учебната година |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | Запознавање на децата со посебни потреби со спортот. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

**6. „Мото Крос ОРМАН 2018“,** активност која се реализира кон крајот на месец Мај на патката во село Орман, -Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со Мото клубот Вардар или други мото клубови.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува Организирање на Мото Трка на стазата во Орман, а на која учество ќе земат мото тимови од земјава и странство |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е афирмација на мото спортот. |
| **Време на реализација** | Во текот на годината, во зависност од организаторот, најчесто е во Мај. |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | Посетеност на трката, учество на афирмирани мото тимови. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

**7. „Ридско планинска велосипедска трка 2018“,** активност која се реализира кон крајот на месец Септември на патката во пределот на село Кучково, -Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со планинско велосипедски клуб Оксижен или други организации.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува учество на велосипедски клубови, како од земјава, така и од странство, кои се тркаат на претходно обележани и утврдени траси во пределот на [illegible] |
| **Главна цел:** | Афирмација на спортот и промоција на стазата. |
| **Време на реализација** | Месец Септември |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Промоција на стазата и на  општината. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

8. Општина Ѓорче Петров материјално и финансиски ќе го поддржува **училишниот спорт** на основните училишта во општина Ѓорче Петров: Лига систем и турнир систем натпревари во определените колективни и индивидуални спортови во машка и женска конкуренција за регионалниот и националниот систем на натпревари на училишниот спорт во Македонија, преку Сојузот *на* училишен спорт Ѓорче Петров.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува лигашки систем на натпревари во неколку спортови и тоа, кошарка 9то одд и помали, кошарка 7мо одд и помали, одбојка, 9то одд и помали( девојчиња), ракомет 7мо одд и помали ( мешовит состав, момчиња и девојчиња), мал фудбал 7мо одд и помали, голем фудбал 9то одд и помали, како и индивидуални спортово, односно тенис, пинг-понг, шах, |
| **Главна цел:** | Целта на оваа активност е запознавање на децата од општинските основни училишта со системскиот начин на натпревари, правилата на игра во организирана форма како и спортската дисциплина. |
| **Време на реализација** | Во текот на учебната година |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | Афирмација, дружење, спортување и фер плеј игра. |
| **Предвидени финансиски средства:** | **585.000,00 ден** |

- Во прилог на годишната програма на Општинскиот сојуз на училишен спорт, дадена е и деталена финансиска програма.

**9.** Со програмата за 2019 година, Општина Ѓорче Петров ќе додели **стипендии на талентирани спортисти**, жители на Општина Ѓорче Петров кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта на територијата на општина Ѓорче Петров. Идеа е да се опфатат талентираните спортисти, кои што се жители на општина Ѓорче Петров кои учат во VIII и IX одделение во општинските основни училишта, кои со својот квалитет придонесуваат за афирмација и промоција на општината, градот и државата, како на домашните така и на интернационални натпревари и турнири. За сите спортисти кои што ке постигнат индивидуални резултати со највисоко одличје, општината ќе обезбеди 9 (девет ) месечни стипендии. Постапката за оглас ќе се спроведе според претходно утврдени критериуми и услови.

**Вкупно предвидени средства за стипендирање на талентирани спортисти на ниво на општина Ѓорче Петров е 0 денари.**

**10. „ ИГРА НА ХЕРОИ"-турнир во мал фудбал -** Активност која ќе се реализира **по повод Празникот на општината.** Реализацијата на активноста ке се спроведе преку Одделението за Јавни дејности во соработка со институциите од јавен карактер кои се наоѓаат во Општината Ѓорче Петров.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Активноста вклучува турнир во мал фудбал, кој се планира да се одржи по повод празникот на општината, а на кој учество ке земат екипи кои се составени од редовно вработени лица во Локалното МВР, Пожарната станица-Ѓорче Петров, екипа од вработени во Општинските основни училишта како и екипа од Општинската администрација заедно со советот на |
| **Главна цел:** | Целта на активноста е запознавање и дружење на учесниците на турнирот. |
| **Време на реализација** | За празникот на општината. |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |
| **Очекувани резултати:** | -Учество на квалитетни екипи |
| **Предвидени финансиски средства:** | **0** |

**Б. Поддршка на невладини организации, спортисти и спортски клубови - програми и проекти на останати спортски организации од интерес на општина Ѓорче Петров**

**Цел**

Со цел, Програмата да опфати квалитетни, оригинални и разновидни спортски содржини кои ќе го одразат и идентификуваат интересот на општина Ѓорче Петров, општината Ѓорче Петров по усвојување на оваа Програма, може да распише и **Јавен повик** за прибирање на проекти и распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2019 година.

Основна цел на оваа активност, е согласно надлежноста на општината, каде основот за донесување на Програмата е член 16 ст.1 точка 16 од Статутот на Општината, каде што е предвидено дека Советот на Општина Ѓорче Петров во рамките на своите надлежности донесува прописи од областа на спортот и рекреацијата.

**Корисници**
Општина Ѓорче Петров во рамки на можностите ќе одговара по барања за финансиска помош, подршка или материјални добра, од следните области:
-Подршка на **традиционални турнири** и **меморијални турнири** -
Поддржува **невладини организации** -Поддржува **спортските клубови** -Поддржува **спортистите**

**Потребна документација**
Предложените програми и проекти, покрај образложението, мора да содржат и предлог финансиска конструкција во која ќе бидат наведени средствата што се бараат од Буџетот на Општина Ѓорче Петров, како и од други извори.

**Носител**
Оваа активност, како посебна мерка во рамки на реализација на програмата во областа на спортот, рекреацијата и поддршката на невладинот сектор на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, ќе се спроведе од страна на општината Ѓорче Петров, преку надлежните Сектор за нормативно-правни работи и Секторот за финансиски прашања на Општина Ѓорче Петров, а во согласност со Програма и евентуално распишаниот Јавен Повик за прибирање на проекти и за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2019 година.
**Планирање на финансики средства**

Средствата од буџетот на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, од Л0 Програма - спорт и рекреација, во износ од **6.070.000,00 денари**, се распоредуваат на основа на оваа Програма и распишаниот јавен повик за распоредување на буџетски средства за финансирање програми и проекти во областа на спортот за 2019 година.

**1.** Општина Ѓорче Петров материјално ќе ги финансира **спортските манифестации**

**– традиционални** и **меморијални турнири**, кои во покажуваат значанен придонес во развој на спортот и спортската рекреација како и афирмација на општината.

| | |
|---|---|
| **Краток опис на активноста:** | Традиционални турнири во мал фудбал:<br>**- Ге-Ге Куп 2019**<br>**- Турнир во мал фудбал „Дарко Брњачевски„** |
| **Главна цел:** | Главна цел на овие активности е афирмација на малиот фудбал со учество на голем број на екипи. |
| **Време на реализација** | Во месец Мај и Септември |
| **Носител на активноста** | Одделение за јавни дејности |

| | |
|---|---|
| **Очекувани резултати:** | Афирмација, дружење, спортување и фер плеј игра. |
   **Изработувач:** Друштво за градежништво, промет и услуги ГЕИНГ Кребс унд Кифер Интернешнел и др. ДОО Скопје

**Приватна иницијатива**

1. АУП за Јовановски Стевче, КП 397/2, КО Орман - Вон, Г.Р. Општина Ѓорче Петров
   **Изработувач:**Друштво за проектирање ВИЗУРА ДООЕЛ Струмица

2. АУП на КП 3475/12, КП 3475/15, КП 3475/14, КП 3475/2, КП 3475/6, КП 3475/5 и дел од КП 3475/1, за формирање на ГП 1.1 за објект со намена Г4 – Стоваришта, од УПВНМ клучка стопански двор, КО Кучково, Општина Ѓорче Петров
**Изработувач:**Друштво за трговија и услуги БИЛД УРБАН ДООЕЛ Скопје

## II. Подпрограма Ф.2. и Ф.3. за уредување на градежно земјиштеи уредување на просторот во руралното подрачје

1. **Подпрограма ФА. и ФD.** За уредување на градежно земјиште класифицирано по основни сметки

**482.110 Подготовка на проекти вклучувајчи дизајн на улици, пешачки патеки, плоштади и други јавни површини**

**1. Изработени се основни проекти за изградба и реконструкција на повеќе улици во општината и тоа за:**

**1.1 Изработени се основни проекти за улици 1, 3 и 4 ДУП СЗ 18 (фаза водовод, фекална канализација, адмосферска канализација, фаза патишта, фаза улично осветлување фаза сообраќај, ревизија)**
**1.2 Изработени се основни проекти за улици Радушка (фаза фекална канализација, адмосферска канализација, фаза патишта)**
**1.3 Изработен проект за сообраќајно решение за раскрсница во сред село Волково (ревизија)**
**1.4 Изработен е проект за локален пат с. Орман, с. Волково, с. Кучково, граничен премин Чашка, делница Волково - Кучково ( патишта, ревизија)**
**1.5 Изработен е проект за реконструкција и рехабилитација ул. Ѓуро Салај и ул. Јосиф Ковачев**
**1.6 Изработка на проекти спој ул. Социјалистичка Зора и ул. Сремски Фронт (фаза електрика, фаза патишта фаза ревизија)**
**1.7 Изработка на проекти за локалитет Мало Стопанство ул. „А“ (фаза патишта, фаза ревизија)**
**1.1 Изработен е проект за реконструкција локален пат с. Орман, с. Волково, с. Кучково, граничен премин Чашка, делница пристапен пат с. Орман (патишта, сообраќајно решение, ревизија)**

За проектирање на улиците, согласно законската регулатива, избрана е фирма согласно Закон за Јавни Набавки при што како најповолна е избрана фирмата Прима Инженеринг Скопје.
Средствата за изработка на проектите во висина од 10.549.220,00ден се обезбедени од Буџетот на Општината.

**481.210 Подготовка на проекти за јавни објекти**

1. **Во фаза на изработка е основен проект за детска градинка во Стопански Двор**
2. **Во фаза на изработка е основен проект за детска градинка во с. Волково**
3. **Во фаза на изработка е основен проект за доградба на ООУ „Јоаким Крчовски„**

**482.120 Изградба на улици, пешачки патеки, плоштади и др. јавни површини**

1. **Изградба на улици**

A. **Со средствата обезбедени од Ипа Гранд изработена е реконструкција на локален пат с. Кучково – Грачане месност Чашка, со крак према крстот**
   со финансиски средства од Вкупно: 7.069.544,00 ден.
   Изведувач на работите беше Вато ДОО Студеничани.
   Анекс Договор бр.353-0307 од 30.04.2018 год во вкупна вредност од 7.380.000,00 ден.
   **За реконструкција на локалниот пат, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

B. **Со кредит од светска банка изработена е реконструкција и рехабилитација на 4 (четири) уливи: ул.„Алексо Демниевски" , ул „2" кружна кај ООУ „Мирче Ацев", ул „Знеполе" и ул. „Пробиштипска"**
   со финансиски средства од Вкупно: 16.012.540,00ден.
   Изведувач на работите беше Ленди Груп.
   Добовор бр. 83/0307 од 27.09.2017 год., од вкупна вреднос од 19.867.875,00 ден.
   **За реконструкција на локалниот пат, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

C. **Изградбата на улици во руралниот дел на општината со средства од Министерство од Транспорт и Врски, се изведени следните улици:**
   **Ул. 54; 56; 46; 66;64 и 62 во Кисела Јабука.**
   Овие улици ги изведе фирмата ЈП Македонија Пат која е ангажирана од страна на ЈПДП, Потрошени се вкупно финансиски средства од 3.474.425,00 ден.
   Инвеститорот, Министерство за Транспорт и Врски, врши стручен Надзор над градбата, со свој надзор.

D. **Изградба на улици во рурален дел на општината с. Никиштани**
   Овие улици ги изведе фирмата Изолација Доо Увоз- Извос Скопје која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени со вкупно финансиски средства од 908.238,00 ден.
   Добовор бр. 03-38/12 од 27.07.2018 год., од вкупна вреднос од 1.998.920,00 ден.

   **За реконструкција на локалниот пат, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**E. Изградба на улици во урбан дел од општината според ДУП СЗ 18, на ново проектирани улици 2,5,6 и 7 ( во кругот на ф- Карпош) комплекс Александрија дел од улица 2.**

Овие улици ги изведува фирмата Фабрика Карпош Скопје која работата ја доби на тендер за Јавни набавки како 3 год. Договор со финансиски средства од 2.788.009,00 ден.

Добовор бр. 03-31/16 од 11.07.2018 год., од вкупна вреднос од 17.999.720,00 ден.

**За реконструкција на локалниот пат, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

F. **Реконструкција на улици во урбан дел од општината во соработка со Град Скопје, на ул.„Исаија Мажоски„**

Овие улици ги изведе фирмата Улици и Патишта која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 3.000.000,00 ден.

Добовор бр. 03-2320/1 од 16.08.2017 год., од вкупна вреднос од 9.000.000,00 ден.

**За реконструкција на локални улици, согласно законската регулатива, избрана е фирма за** вршење стручен Надзор над градбата од Град Скопје.

**2. Изградба на пешачки патеки, тротоари и др. јавни површини**

**A. Изработени се тротоари на пат Стопански двор до клучката**

Овие улици ги изведе фирмата Фабрика Карпош која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 927.089,00 ден.

Добовор бр. 03-2982/1 од 21.08.2018 год., од вкупна вреднос од 1.000.050,00 ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**B. Изградба на тротоари во урбана заедница Дексион од пат за с. Кондово преку пруга до Панојот Гиновски, тротоар покрај пруга, ул. Ново Село, ул.„ Австралиска Крак 1“ и ул„ Австралиска крак 2„**

Овие улици ги изведе фирмата ПМК Градба која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 983.558,00 ден.

Добовор бр. 03-29/11од 24.07.2018 год., од вкупна вреднос од 967.166,00 ден., и анекс договор бр. 44/18 од 20.08.2018 год., со вредност од 163.926,00 ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**C. Изградба на тротоари во урбана заедница Хром од Веле Марков до детска градинка, тротоар покрај зградите до градинка до ул.„ 5 Лука Геров“.**

Овие улици ги изведе фирмата ПМК Градба која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 676.770,00 ден.

Добовор бр. 03-26/11од 05.06.2018 год., од вкупна вреднос од 798.589,00 ден.

вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**D. Изградба на пристапни патеки во урбани заедници и месни заедници, ул.„ 81Волково", ул.„95 Волково", ул„ 8Кисела Јабука" и ул.„ 76 Волково – Пржина"**
Овие улици ги изведе фирмата ЕНЕРГО МОНТ која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 830.824,00 ден.
Добовор бр. 03-27/12од 17.07.2018 год., од вкупна вреднос од 999.932,00 ден.
вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**3. Тампонирање на улици во рурален дел од општината**

**A. Изградба на пристапни улици, пешачки патеки, паркинзи и други јавни површини во урбан и рурален дел на Општина Ѓорче Петров, тампонирање на помошна патека кај пазарче, улица кај гробишта, тампонирање ул. 20 Волково, тампонирање ул. 22 Волково и тампонирање ул. 24 Волково.**
Овие улици ги изведе фирмата ЈУ – БАЈ 2 која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 1.575.624,00 ден.
вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**B. Изградба на пристапни улици, рурален дел на Општина Ѓорче Петров, тампонирање ул. 8 со краците, ул. 40 со краците, ул. 46 со краците, ул. 81 со краците, ул.89 со краците, ул.78 со краците, ул. 31 и ул. 5.**
Овие улици ги изведе фирмата АНИЗОР која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 1.101.814,00 ден.
вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**4. Училишта и Детски Градинки**

**Санација на градинки и основни училишта и доградба на простории во основни училишта во Опоштина Ѓорче Петров, изработка на заштитни огради во основни училишта и детски градинки. Бетонски дел од заштитна ограда во ООУ„ Димитар Поп Георгиев Беровски"**
Овие улици ги изведе фирмата ЈУ – БАЈ 2 која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 1.730.376,00 ден.
Договор бр. 03-13/2 од 03.02.2017 год. Во вредност 7.764.054,00 ден.
вршење стручен Надзор над градбата. Изборот е извршен согласно Закон за Јавни Набавки при што е избрана фирмата ЕВРО КОНСАЛТИНГ ДОО Скопје.

**481.230 Реконструкција на јавни објекти**

**LA. Подпрограма Спорт и рекреација(Капитални трошоци)**

**482.920 Изградба и одржување објекти за спорт и рекреација**

**1. Спортски терени-рекреација**

**1.1 Реконструкција на постоечки спортски терени**

**Тековно одржување на повеќе спортски терени и тоа:**

**Во ОУ "Мирче Ацев„ заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешното игралиште, и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште во населба Даме Груев и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште на ул. Социјалистичка Зора и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Заменети се таблите ,обрачите на кошевите и стативи на головите на повеќенаменско игралиште кај Надвозникот и извршена е делумна поправка на жичаната ограда околу игралиштето.**
**Во ООУ "Страшо Пинџур" поправени се таблите на кошевите и обрачите.**

**Во ООУ "Димитар Поп Георгиев Беровски" поправени се таблите на кошевите , обрачите стативите на головите.**

**2. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен тек при што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.) и детско игралиште на ул. Социјалистичка Зора**
Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2018год.

**3. Основни училишта**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.
Средствата се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

2. Извршена е целосна анализа на објектите – градежен, машински, електрика, водовод и канализација како и делот на енергетската ефикасност, на Општинските Основни

Училишта на територија на Општина Ѓорче Петров.  Извештаите се дадени на понатамошно разгледување.

**JU. Изградба на системи за одводнување и пречистување на отпадни води**

**482.310 Подготовка на проекти вклучувајќи и дизајн за фекална и атмосферска канализаци**

**Во фаза на изработка се  проекти за доработка на фекална мрежа Волково, Стопански Двор и  Кисела Јабука**

**Во фаза на изработка е проект за фекална со прочистителна станица во с. Кучкво**

**482.320 Изградба на фекална и атмосферска канализација.**

A. **Фекална канализација**

**Изградба на фекална канализација во рурален дел од општина Ѓорче Петров во соработка со Министерство за Транспорт и Врски**

Изведувач ЕНЕРГОМОНТ во вредност од 15.826.000,00ден

Договор бр. 01-566/16 од 29.11.2016 год.  Во вредност 33.538.500,00 ден.

Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа, согласно Закон за градба,   го врши ЕВРО КОНСАЛТИНГ-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

B. **Адмосферска канализација**

**Изградба на адмосферска канализација во рурален дел од општина Ѓорче Петров во с. Никиштани.**

Изведувач Фабрика Карпош и Изолација во вредност од 996.250,00ден

Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа, согласно Закон за градба,   го врши ЕВРО КОНСАЛТИНГ-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

**JGO. Изградба на системи за водоснабдување**

**482.710 Подготовка на проекти вкључувајќи и дизајн за водоводна мрежа**

A. **Изградба на водоводна мрежа во урбана и  рурален дел од општина Ѓорче Петров на краците на ул. 48 и 53 Кисела Јабука**

Изведувач ЕНЕРГО МОНТ  која работата ја доби на тендер за Јавни набавки, Потрошени се вкупно финансиски средства од 750.000,00ден

Надзорот над градбата на фекалната канализациона мрежа, согласно Закон за градба,   го врши ЕВРО КОНСАЛТИНГ-Скопје(фирма избрана на тендер согласно Закон за јавни набавки).

**JA. Изградба на јавно осветлување**

**Јавно осветлување- поправка и тековно одржување**

**424.390 Одржување на други градби**

**1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.**
**Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**2. Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.**
**Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.**

**3. За новогодишното украсување на повеќе улици и јавни површини во општината, во 2016/2017год. Беа потрошени средствата во висина од 1.159.121,00ден што беа обезбедени од Буџетот на Општината.**

## III ПРОГРАМА ЗА КОМУНАЛНИ ДЕЈНОСТИ

### I Под Програма Ј.О. одржување на урбана опрема

### 424.440 Поправки и одржување на урбана опрема

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски 140 на оштетени клупи и 280 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје.

### II Под Програма Ј.N. Урбана опрема(капитален расход)

### 480.190 Набавка на урбана опрема

- Извршена е набавка и поставување на нови 72 парковски клупи и 54 корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.

| Ред.бpoj | Локација на поставување | КЛУПИ | КАНТИ ЗА СМЕТ |
|---|---|---|---|
| 1. | Парк кај Знеполе | 4 | 3 |
| 2. | ООУ Ѓорче Петров | 9 | 3 |
| 3. | Детско игралиште на Социјалистичка Зора | 6 | 5 |
| 4. | Детско игралиште МЗ Ново Село | 4 | 3 |
| 5. | Игралиште пред Полициска Станица | 4 | 3 |
| 6. | Игралиште позади Полициска Станица | 5 | 5 |
| 7. | Игралиште с. Никиштани и сред село | 6 | 2 |
| 8. | Детско Игралиште Пржина | 12 | 5 |
| 9. | Игралиште Бранители | 5 | 3 |
| 10. | Игралиште Даме Груев 1 | 6 | 3 |
| 11. | Игралиште Даме Груев 2 | 4 | 4 |
| 12. | Игралиште Хром | 5 | / |
| 13. | Игралиште Пред Надвозник | / | 4 |
| 14. | Хром Стево Филиповски пред згради | 6 | 3 |
| 15. | Кучково | 1 | 2 |
| 16. | Манастир Богородица | 10 | 6 |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 17. | Волково | 3 | 1 |
| 18. | Јурија | 4 | / |
| 19. | ПОУ Димитар Поп Георгиев Беровски - Хром | 2 | 1 |
| 20. | ООУ Тихомир Милошевски | 4 | 2 |
| | ВКУПНО | 99 | 58 |

- Фирмата за набавка и поставување на опремата и одржување на постојната е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА дооел-Скопје договор бр. 03-54/11 од 30.07.2018 год.

Средствата за оваа позиција и за поправки на опремата се обезбедени од Буџет на општината.

**III и V Под Програма Ј.Z. и Ј.А. Јавно осветлување и изградба на нови линии за јавно осветлување**

- Прикажано во претходната програма
- Фактурите од EVN за потрошена електрична енергија за јавно осветлување

**IV Под Програма Ј.4. За Јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажирани триесет невработени (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојб, како и 21 социјален работник ангажирани преку Агенција за вработување.

2. Во текот на годината повеќекратно се направени акции со ЈП Комунална Хигиена за отстранување смет од дивите депонии , при што се дигнати околу 350 m$^3$ смет кој е депониран во Депонија ДРИСЛА.
3. За расчистување на дивите депонии, поправка на пристапните патишта и други површини, согласно Законот за Јавни набавки одбрана е фирма ЈУ-БАЈ 2, која во текот на годината очисти депонии од градежен шут и отпаден материјал во количина од околу 3500 m$^3$ , поправени- танпонирани се повеќе улици пред се во Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор, кои значително беа оштетени од обилните дождови во пролетниот и летниот период.
   Средствата се обезбедени од буџетот на ОПштина Ѓорче Петров.

4. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Ново Село во должина од 4550m во договор со АД Водостопанство.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

5. 5. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Волково во должина од 1960m во договор со АД Водостопанство.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.
6. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Стопански Двор во должина од 4550m во договор со АД Водостопанство.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров

**VI Под програма Ј.6. Одржување и заштита на локални патишта и Сервисни и стамбени улици на територија на Општина Ѓорче Петров**

**424.320 Одржување на локални патишта и улици**

1. Санирањето на ударните дупки по улиците се врши пролетно и есенско(зимско одржување).
   Ударните дупки по улицитеза кој е надлежен Град Скопје-ги санира градот, а општинските –Одделението за тековно одржување и инвестиции.

   Истите се санираат(крпат) , по пријава од граѓани и по увидот на терен од вработените.
   При интервенциите за свои потреби, фирмите EVN, Македонски Телекомуникации, ЈП Водовод и канализација и др., оштетувањата на асфалтните површини имаат обврска сами да ги санираат(вратат во првобитната состојба).
   Во текот на изминатиов период извршено е крпење на ударните дупки и санирање на прекопи со топла асфалтна маса на следните улици:

   улици во нас. Хром Ѓорче Петров и нас. Дексион

1. улици во Кисела Јабука,
   - ул. 10
   - ул.46
2. улици во с. Волково,
   - ул. 81 селосно
3. улици во нас. Даме Груев
   - ул. Антон Кецкаров
   - ул. Шарпланинска
   - ул. Пекљане
   - ул. Тиранска
4. улици во нас. Дексион
   - ул. Мијачка
   - ул. Кузман Шапкарев
   - ул. Радушка
5. улици во нас. Ѓорче Петров
   - ул. Стоби
6. улици во нас. Хром

- Исаија Маџоски
- Веле Марков

Во тек е есенско крпење на ударни дупки и санирање на поголеми оштетувања на асвалтните коловози со договор со фирмата ЈП Улици и Патишта Скопје.
Добовор бр. 03-38/12од 27.07.2018 год., од вкупна вреднос од 1.998.920,00 ден.

**VII Под програма J.D. Изградба и реконструкција на локални патишта и сервисни станбени улици**

1. Со оглед дека средствата од ЈП за државни патишта драстично се намаллија(за околу 50%), предвидените средства се користат само за летно и зимско одржување на локалните патиштаи улици и за активностите за пробивање и тампонирање на улици кое е прикажано во претходната Програма.

2. Општината изврши реконструкција-надградба на дел од улиците во руралниот дел на општината и тоа на оние улици каде се завршени подземните инсталации(водовод и фекална канализација и каде се направени куќните приклучоци).

**VIII Под програма J.F. Изградба и сообраќајна сигнализација**

1. Во тек на изминатиов период, два пати е вршено бележење на улиците во општината, при што е обновувана хоризонталната сигнализација на поважните сообраќајници( ул.Знеполе, ул.кружна 2 кај ООУ„ Мирче Ацев", ул.Алексо Демлиевски ул.Пробиштипска, ул.Борис Сарафов, на река Лепенец с. Орман и извршено е бележување на игралиштата и сл.).
2. Извршена е набавка на 28 сообраќајни знаци и иститe се поставени на најкритичните места на улицитекои се спојуваат со улици од повисок ранг(значи СТОП и знаци за ограничување на брзина и ограничување на тежина) на ул „Борис Сарафов" поставена е светлосна сигнализација со пропратна сообраќајна сигнализација и пешачки премини .
Средствата се обезбедени од Буџет на Град Скопје.

**IX Под Програма J.G. Изградба на систем за водоснабдување**

Активностите од оваа под програма се прикажани во претходната програма.

**X Под програма J.I. Изградба на систем за одводнување на отпадни води**

Во текот на 2018год. Исчистен е каналот за одводнување кој поминува низ Стопански Двор во Ново Село во должина од 2500m.
Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**XI Под програмаJ.M.Изградба и реконструкција на парковски површини и зеленило**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролеттаи екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл. R1-Програма.
2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голинитесо масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците. R1-Програма.
3. Уредени се површините околу ново изградените улици, игралишта и околу школските објекти и градинки, со хумизирање, набавка и садење на квалитетни садници од дрва и затревување на зелените површини.

Обновени се зелени површини во УЗ Даме Груев, покрај ул. „Лука Геров" во соработка со ЈП Паркови и зеленило.

Средствата за горе наведените позиции се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**Ј8. Други комунални услуги**
**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се над 2000 шахти на целата територија на општината.
Средствата се обезбедени од Буџет на општината.

## XII. СПРОВЕДУВАЊЕ НА УРБАНИСТИЧКИ ПЛАНОВИ

Во одделението за спроведување на урбанистички планови во 2018 год. примени се 1579 предмети за решавање. Од вкупниот број предмети за решавање , решени се 1580.
Согласно законот за легализација на бесправно изградени објекти примени се 12.484 предмети, од кои решени се 6.493 заклучно со 09/2018 год. , а 5.991 се во постапка на решавање.Примените предмети се со следната структура:

| Ред. број | ВИД НА ПРЕДМЕТОТ - (барањето) Одделение за спроведување на урбанистички планови | Примени предмети во 2018год. | Нерешени предмети од претходен период 2017 | Вкупно од графите 3 и 4 | Решени предмети во 2018 год. | Останале предмети за решавање |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | 2. | 3. | 4. | 5. | 6. | 7. |
| 1. | ИЗВОД ОД ДУП | 1034 | / | 1034 | 1034 | / |
| 2. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ | 49 | 11 | 60 | 49 | 11 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 3. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ ДОГРАДБА -НАДГРАДБА | 14 | 1 | 15 | 10 | 5 |
| 4. | ОДОБРЕНИЕ ЗА АДАПТАЦИЈА-ПРЕНАМЕНА | 4 | 3 | 7 | 6 | 1 |
| 5. | ОДОБРЕНИЕ ЗА ИНФРАСТРУКТУРНИ ОБЈЕКТИ | 3 | / | 3 | 2 | 1 |
| 6. | РЕШЕНИЕ ЗА ИЗМЕНИ ВО ТЕК НА ГРАДБА | 36 | 7 | 43 | 41 | 2 |
| 7. | ОДОБРЕНИЕ ЗА УПОТРЕБА НА ОБЈЕКТ-ЗАПИСНИК ЗА ТЕХНИЧКИ ПРИЕМ | 36 | / | 36 | 33 | 3 |
| 8. | ЗАВЕРКА НА УРБАНИСТИЧКИ ПРОЕКТ –ИДДЕН ПРОЕКТ | 70 | 8 | 78 | 76 | 2 |
| 9. | РЕШЕНИЕ ЗА КОИ НЕ Е ПОТРЕ БНО ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДБА РЕШЕНИЕ ЗА ПОСТАВУВАЊЕ ОГРАДА | 9 | / | 9 | 9 | / |
| 10. | ПОТВРДИ ОДГОВОРИ ДО ДРУГИ ИНСТИТУЦИИИИ ФИЗИЧКИ ЛИЦА | 262 | 1 | 263 | 258 | 5 |
| 11. | ЗАКЛУЧОЦИ,РЕШЕНИЈА ЗА ИСПРАВКА ,ИЗМЕНИ И ДР. | 61 | / | 61 | 61 | / |
| 12. | РЕШЕНИЕ ЗА ПРОМЕНА НА ИНВЕСТИТОР | 1 | / | 1 | 1 | / |
| | **ВКУПНО ОД ТАБЕЛА:** | **1579** | **31** | **1610** | **1580** | **30** |

<table>
<tr><td rowspan="3">Примени предмети за легализација по години:<br>2011 година - 10916<br>2014 година - 42<br>2015 година - 150<br>2016 година - 1053<br>2018 година - 323<br>Вкупно 12484</td><td colspan="6">РЕШЕНИ ПРЕДМЕТИ</td><td rowspan="2">ОСТАНАТИ ПРЕДМЕТИ ЗА РЕШАВАЊЕ</td></tr>
<tr><td>2011<br>2012<br>2013</td><td>2014</td><td>2015</td><td>2016</td><td>2017</td><td>2018</td></tr>
<tr><td>90<br>735<br>1676</td><td>1268</td><td>968</td><td>902</td><td>565</td><td>289</td><td rowspan="2">5991</td></tr>
<tr><td>ВКУПНО ОД ТАБЕЛА<br>12484</td><td colspan="6">6493</td></tr>
</table>

1. Надоместок за уредување на градежно земјиште по основ на издадени одобренија за градба во урбаниот дел на територијата на Општина Ѓорче Петров до 9ти месец 2018 година **примени се 61.134.756 денари.**

2. Наплата на комунална такса по основ на издадени одобренија за градба во руралниот дел од територијата на Општина Ѓорче Петров 9ти месец 2018 година **наплатени се 1.103.432 денари.**

3. За предметите кои се завршени за легализација на бесправно изградени објекти до сега се уплатени вкупно **5.493.339 денари.**

## III. СПРОВЕДЕНИ МЕРКИ СОГЛАСНО АКЦИОНИОТ ПЛАН ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ

**Мерка 1: Објекти во надлежност на Општина Ѓорче Петров( градинки, објекти на основни училишта)**:

- Изработени се барања за средства за реконструкција на кровови во ОУ Мирче Ацев, ОУ Ѓорче Петров и ОУ Јоаким Крчовски.Барањата се поднесени во Министерство за образование и наука на РМ –Програми за инвестиции./Подобрување на условите во основното образование. Согласно објавените резултати , ОУ Ѓорче Петров и ОУ Мирче Ацев беа опфатено со програмата за финансирање/реконструкција на кров во текот на 2014год, но се изврши реконструкција само на ОУ Мирче Ацев.
- Изготвени се барања за изградба на нови, реконструкција, доградба и адаптација на постоечки објекти на детски градинки и ОУ(енергетски-ефикасни) и сите се доставени до Министерство за труд и социјална политика на РМ и Влада на РМ во следниот редослед и тоа за:

1. Реконструкција и адаптација на објектот Пошта во С.Волково за детска градинка во населено место Волково–рурален дел на Општината(локација-објектот на Македонски Телекомуникации)
2. Надградба на постоечкиот објект(кат) на ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Калинка"
3. Изградба на 1 тракт на постоечката ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Детелинка"
4. Изградба на комплетно нов објект на постоечката локација на која во моментов се наоѓа ЈОУД –детска Градинка Росица, објект "Кокиче"-Дексион;
5. Надградба на ОУ Тихомир Милошевски,
6. Догрдба на ОУ Беровски, подрачно училиште во Хром со капацитет за деветолетка.

**Мерка 2: Јавно осветлување/ Замена на светилки со енергетски-ефикасни**
На територијата на општината во изминатото деветтомесечие, направена е замена на неисправни електроелементи(светилки, пригушници, фасонки итн.) со енергетски-штедливи, и тоа:
- ЛЕД 9W ................................................................................ 11
- ЛЕД 18W ................................................................................ 25
- Флуо 55W ............................................................................... 12
- рефлектори ЛЕД 100W .................................................................. 27

-----------------------------------------------------------------------------------

Вкупно штедливи светилки: 75

Дополнително во Спортиските Сали кои се во надлежност на Општината беа заменети елементи од рефлекторите кои одговараат на стандардите за осветленост на спортски објекти:
- Метал Халоген 400w.................................................................. 25

Средствата потрошени за Мерка 2 се обезбедени од другите програми од буџетот на општината.

**ЈА. Изградба на јавно осветлување**

Во изминатиот период беа разгледани голем дел од барањата на граѓаните за поставување на нови линии за улично осветлување, со приоритет според датумот на доставување на истите, при што беа изведени следниве зафати:

- Ул. Воин Драшкоци ( пред подрачно ОУ) нас. Хром – должина 65м
- Ул.Алекса Демниевски -27 – должина 100 м
- Паркинг позади зграда на ул.Ѓорче Петров бр.71- должина 87м.
- Паркинг позади зграда на ул. Христо Батанџиев бр.26 –должина 69м
- Крак од ул.102 – Волково – должина 143 м
- Крак од ул.95 – Волково – должина 70м
- Горно Маало – с.Никиштани – должина 280м

Јавно осветлување- поправка и тековно одржување

Поправката и тековното одржување на уличното осветлување влегува во секојдневните активности на службите на општината и приватниот партнер, при кои во текот на изминатиот период се заменети голем број светилки и пропратни елементи заради дотраеност, физичко оштетување, оштетување поради струен удар , но и заради недоволната осветленост на одредени улици

1. На магистралните и собирни улици Градот врши замена на светилките, бидејќи одржувањето на овие улици е во надлежност на Град Скопје.

2. На локалните улици и јавни површини во надежност на општината во функција се околу 2.039 светилки од различни типови.

За исправноста на светилките и линиите за јавното (улично) осветлување се грижи Сектор за урбанизам- Одделение за инвестиции и тековно одржување.

Одделението интервенира секојдневно, по пријави од граѓани (телефонски или усмено) регистрирани во пријавна листа за интервенции или писмени барања од група граѓани, доставени преку Архива(службено).

По пријавната листа се врши замена на не исправните електроелементи (светилки, пригушници, фасонки итн)., а по барањата, но по претходно извршена анализа за потребните финансиски средства, се поставуваат нови линии за улично осветлување, согласно барањата.

На територијата на општината просечно дневно се вршат над 30 интервенции на светлечки места, штопретставува околу 1% од вкупниот број на светилки, при што е извршена замена на сијалици, пригушници, фасонки и други електроелементи.

Во изминатиот период од годинава извршено е следното:

1. Поправка или промена на светилки;
- Живина 125w.........................................................................................3
- Живина 250w.........................................................................................2
- ЛЕД 20 w................................................................................ 1580
- ЛЕД 30W ...............................................................................401
- Метал Халоген 400w.......................................................................... 4
- Флуо 55w..............................................................................................12
- Заменска сијалица 250w.................................................................37

---------------------------------------

Вкупно: 2039

1. Стартери od 18 do 36 w..........................................2
2. Заштитно стакло 200W..................................................................... 19
3. Фасонки вкупно.........................................................................................156
4. Рефлектори (50W , 70W и 100W) вкупно...............................................................63
5. Флуо-Арматури, Вандерми вкупно.......................................................... 49
6. Електрични склопки (32А, 40А, 63А)вкупно и Грбенасти склопки....... 79
7. Затегачи вкупно.................................................................................. 48
8. Форел со сонда и тајмер........................................................................ 14
9. Кабел PGP 3x1,5mm$^2$ 5x2,5 мм2 /m$^1$.................................................. 313
10. Кабел од разни профили m$^1$.......................................................... 1356
11. Друг електро материјал како осигурувачи, стеги, жица, стартер, прекинувачи и др. е евидентирано во градежните дневници и книги.

За извршените работи Одделението води обемна документација (градежни дневници, градежни книги, фактури и сл). Во градежните дневници внесени се податоци за секој ден, кога, на кои локации (улици) и какви електороматеријали се потрошени. Комисијата за комунални работи може да добие информации и да изврши увид за поединечни работи и периодично.

## ИЗВЕШТАЈ НА ПРОГРАМА ЗА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА

**1. Под Програма ЈО одржување на урбана опрема**

**424.440 Поправки и одржување на урбана опрема**

- Реконструирани се повеќе парковски клупи и корпи за смет, заменети се даски.140 на оштетени клупи,280 штрафови, извршена е поправка на корпите за отпадоци и други активности на територијата на општината. Фирмата за одржувањето на опремата е избрана согласно законот за јавни набавки, при што како најповолна е избрана фирмата ФИНА доел-Скопје.

**II Под Програма J.N. Урбана опрема(капитален расход)**
**480.190 Набавка на урбана опрема**

- Извршена е набавка и поставување на нови. 99 парковски клупи и 58.корпи за отпадоци кои се поставени на повеќе локации на општината. Постојано се одржувани постојните клупи со промена на скршени или оштетени даски, промена на штрафови, бојадисување на клупитеи поправка на постојните канти за смет.( локациите се дадени во предходните програми)

Средствата за оваа позиција и за поправки на опремата се обезбедени од Буџет на општината.

**2. Под Програма Ј4 за Јавна чистота**

**421.190 Други комунални работи**

1. Со цел да се подобри хигиената на улиците и другите јавни површини, во општината редовно се ангажирани триесет невработени (социјално загрозени) кои секојдневно се ангажирани заради подобрување на комуналната состојб, како и 21 социјален работник ангажирани преку Агенција за вработување.
2. Во текот на годината повеќекратно се направени акции  со ЈП Комунална Хигиена за отстранување смет од дивите депонии , при што се дигнати околу  350 $m^3$ смет кој е депониран во Депонија ДРИСЛА.
3. За расчистување на дивите депонии, поправка на пристапните патишта и други површини, согласно Законот за Јавни набавки одбрана е фирма ЈУ-БАЈ 2, која во текот на годината очисти депонии од градежен шут и отпаден материјал во количина од околу 3500 $m^3$ , поправени- танпонирани се повеќе улици пред се во Волково, Кисела Јабука и Стопански Двор, кои значително беа оштетени од обилните дождови во пролетниот и летниот период.
   Средствата се обезбедени од буџетот на Општина Ѓорче Петров.

4. Извршено е чистење на каналот за одводнување во Стопански Двор до Ново Село во должина од 1500m.
   Средствата за акцијата и чистењето на каналот се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.
5. Извршено е чистење на каналот за одводнување од влезната глава во с.Орман па се до центарот на с.Волково, во вкупна должина од 2500m.
   Средствата за чистењето на каналот се обезбедени преку Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство на РМ.

**3. Под Програма Ј7 - Одржување и користење на паркови и зеленило**

**424.390 Одржување на други градби**

1. Во текот на изминатиот период редовно е вршено одржување на часовникот и дисплејот во градскиот парк, со фирма претходно избрана согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата ГЕО ХАЈД.
Средствата се обезбедени од Буџетот на Општината.

2.  Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо

Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.
Средствата одржување се обезбедени од Буџетот на Општината.

**424590 Одржување на други зелени површини**

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл. R1-Програма.
2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голинитесо масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците. R1-Програма.
3. Уредени се површините околу ново изградените улици, игралишта и околу школските објекти и градинки, со хумизирање, набавка и садење на квалитетни садници од дрва и затревување на зелените површини.

   Средствата за горе наведените позиции се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров.

**4. Под програма Ј8 - Други комунални услуги**
**424.230 Дезинфекција, дезинсекција и дератизација**

Извршена е пролетна и есенска дератизација против глодари при што третирани се над 2000 шахти на целата територија на општината.
Средствата. се обезбедени од Буџет на општината.

**424.390 Одржување на други градби**

Фонтаните, пумпните построенија и резервоарите, редовно се се одржувани со фирмата избрана за таа намена, согласно Закон за јавни набавки, при што е избрана фирмата Турбо Инженеринг. Во текот на овој период извршена е замена на одредени пумпи кај бунарите и вградени се нови пумпи во пумпната станица во с.Кучково. Поради работа во реонскиот парк на Општинскиот објект, оваа година фонтаните не беа пуштени во работа.
Средствата за одржување се обезбедени од Буџетот на Општината

**4. Под Програма R1 - Заштита на животна средина и природа**
**426990 - Други оперативни расходи**

1. Учество во акциите „Македонија без отпад“ и „Ајде Македонија“

Проектот на Министерството за животна средина и просторно планирање и Асоцијацијата за чиста животна средина „Ајде Македонија“ продолжи да се спроведува по четврти пат во нашата земја, како национална акција за чистење. Со тоа Општина Ѓорче Петров и секако

Република Македонија се вклучија во глобалната акција Let's Do It World, подржана од Европскиот парламент и спроведена во 110 земји во светот.

1. Спроведени се акциите за Одбележување на денови на пролетта и екологијата со садење садници во училишните дворови и градинките, одржани се еколошки часови и сл.

2. Поддржана е акцијата на Влада на Република Македонија за пошумување на голините со масовно учество на населението. Во општината се посадени нови садници во сите основни училишта, детски градинки и обновени се дрвореди на дел од улиците.

3. Во сите училишта и детски градинки во Општина Ѓорче Петров се засадени 600 садници од разни по боја и по форма видови на цвеќе од видот на розите.

4.„ Есенска акција за чистење - 2018 "- Согласно заклучоците од работниот состанок на Градоначалникот на град Скопје со директорите на јавните претпријатија и претставниците од комуналните сектори на општините а во врска со организацијата на есенската акција за чистење, , Општина Ѓорче Петров се приклучи на акцијата која имаше за цел да го исчисти отпадот кој се наоѓа на несоодветни места во околината, да развие свест кај граѓаните за правилно управување со отпадот и да развие механизми за подршка на граѓаните, општините и други засегнати групи за подобро да се справат со неорганизираното и незаконско фрлање отпад во нивните заедници. За таа цел, Општина Ѓорче Петров ги превзеде следниве активности:

Вработените во администрацијата на општината, беа ангажирани на повеќе локации и тоа:

- Дел од вработените во Општинската зграда и одделение за инспекција на локација ОУ „Ѓорче Петров" и градинката.

- Дел од вработените во Секторот за урбанизам и одделение за легализација на локација ОУ „ Димитар Поп Ѓорѓиев - Беровски " во населба Хром и градинката.

- Дел од вработените во Општинската зграда и одделение за инспекција на локација ОУ „Мирче Ацев" и градинка .

- Дел од вработените во Секторот за урбанизам и одделение за легализација на локација ОУ „ Страшо Пинџур " во населба Даме Груев и градинка.

5. **Под програма N1 - Основно Образование**

**481.210 Подготовка на проекти за деловни објекти**

**424210 Одржување на згради**

1. Во текот на изминатиот период во основните училишта вршено е перманентно одржување на осветлувањето, водоводната и канализациона инсталација, дворните површини и сл. Пред почетокот на учебната година одвоени се средства

и предадени на училиштата за поправки, бојадисување и слични поправки кои ќе овозможат непречено одвивање на наставниот процес.

**6 Под програма L0/LA – Спорт и рекреација**

**482.920 Одржување на други градби**

1.1 **Одржување на постоечки спортски терени**

1.2

**На сите спортски терени во општината сукцесивно е вршено одржувањето на теренот, реквизитите, а најчесто поправка или замена на дел од жичаните огради.**

- **Во ООУ Мирче Ацев заменети се таблите и обрачите на кошевите во салата и надворешните игралишта и извршено е делумна поправка на жичаните огради.**
- **Во ООУ Страшо Пинџур поправени се таблите на кошевите и обрачите.**
- **Во ООУ Тихомир Милошевски извршена е поправка на дел од жичаната ограда околу игралиштето.**

**1. Детски игралишта**

**Извршени се поправки на повеќе детски игралишта ( во реонскиот парк-на двете детски игралишта) на игралиштето кај новиот кружен тек што е извршена поправка на реквизитите( лулашки, клацкалки, промена на подлогата од песок и сл.).**

**- Во ООУ „Јоаким Крчоски„ - мз Даме Груев, завршена е реконструкција на спортско игралиште.**

Средствата за реконструкција на спортски терени и одржување на детските игралишта се обезбедени од Буџет на Општина Ѓорче Петров за 2018год.

**6. Под програма DA месна самоуправа(Капитални Проекти)**

**481230-Реконструкција на деловни објекти**

Извршена реконструкции на објекти на месна самоуправа и на месни заедници во с. Кучково и с. Волково.

**7. Под програма EA- Капитални трошоци на општината**

**482930- Реконструкција на други објекти**

**480160-Купување на опрема за греење и климатизација**

Предвидената реконструкција (кров, климатизација, доградба) на Дом за Култура на Општина Ѓорче Петров не се реализираше во 2017год. поради немање финансиски средства во буџетот на Општина Ѓорче Петров.

**ГРАДОНАЧАЛНИК**

**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Програмата за урбано планирање „Ф“ на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/16**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 36 и 62 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02), член 17 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање ("Службен весник на РМ" бр. 51/05, 137/07 і 91/09), член 46 од Законот за градежно земјиште ("Службен весник на РМ" бр. 82/08 и 143/08) и член 16 став 1 точка 15 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров на 20-тата седница одржана на 30.11.2018 година, донесе:

# П Р О Г Р А М А
# ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ "Ф"
# НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2019 ГОДИНА

ВОВЕД

ПРОГРАМА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ " Ф " се состои од следните подпрограми

I Ф.1 ПОДПРОГРАМА ЗА УРБАНИСТИЧКО ПЛАНИРАЊЕ

II Ф.2 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (тековно-оперативни трошоци)

III Ф.3 ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА (тековно-оперативни трошоци)

IV Ф.А ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ НА ГРАДЕЖНО ЗЕМЈИШТЕ (капитални трошоци)

V Ф.Д ПОДПРОГРАМА ЗА УРЕДУВАЊЕ ПРОСТОР ВО РУРАЛНИ ПОДРАЧЈА ( капитални трошоци)

СИТЕ ПРИХОДИ НА ПРОГРАМАТА ЗА УРБАНО ПЛАНИРАЊЕ ПО СИТЕ ОСНОВИ ИЗНЕСУВААТ

ПРИХОДИ:

| Кате-горија | Ставка | Основна ставка | Под ставка | Видови приходи | Износ во денари 2019 | Структура % |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 |
| | | | | ВКУПНО ПРИХОДИ | 56.330.000 | |
| 71 | | | | Даночни приходи | 45.330.000 | |
| | 717 | | | Даноци на специфични услуги | 45.330.000 | |
| | | 7171 | | Комунални даноци | 45.330.000 | |
| | | | 717137 | Надоместок за уредување на градежно земјиште | 42.922.500 | |
| | | | 717119 | Други приходи по основ на комунални дејности (побарување од Градот од 1997год.) | 407.500 | |
| | | | 717129 | Други комунални такси | 2.000.000 | |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 72 | | | | **Неданочни приходи** | **2.000.000** | |
| | 725 | | | **Други неданочни приходи** | **2.000.000** | |
| | | 7259 | | **Други неданочни приходи** | **2.000.000** | |
| | | | 725939 | Останати неданочни приходи | 2.000.000 | |
| 73 | | | | **Капитални приходи** | **4.000.000** | |
| | 733 | | | | | |
## VIII. ЈФ - ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на поставување и заменување на сообраќајна сигнализација и заштита на опрема на локални патишта и улици, односно поставување на хоризонтална и вериткална сигнализација, согласно Законот за јавни патишта.

Средствата потребни за финансирање на оваа Под-Програма ќе треба да се обезбедуваат од изворните приходи на Општинскиот буџет за 2019 година и тоа во износ од **2.500.000 денари, доколку ќе има дополнителни извори потребно е да се реализира.**

**Трошоците ќе се однесуваат на подсметка 482120 - поставување на хоризонтална и вертикална сигнализација за сите приклучни улици и (легнати полицајци), пропратена со вертикална сигнализација (сообраќајни знаци) и проектите за смирен сообраќај на улиците кај основните училишта и градинки и тоа на ул.Лука геров, ул.Волковска(Н.Село), и ул.Воин Драшковци во Хром.**

| **Подставка** | **ИЗГРАДБА НА СООБРАЌАЈНА СИГНАЛИЗАЦИЈА** | |
|---|---|---|
| **482110** | **Проектирање**<br>**- ул. Воин Драшковци со приклучни ул**<br>**- ул. 4ти Јули со приклучни ул**<br>**- ул. Лука Геров со приклучни ул** | **500.000** |
| **482 120** | **Поставување на сообраќајна сигнализација** | **2.000.000** |
| | **ВКУПНО** | **2.500.000** |

## IX. ЈГ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ВОДОСНАБДУВАЊЕ

Капиталните расходи во оваа Под-Програма се однесуваат на изградба, реконструкција и доградба на водоснабдителни системи на територија на Општина Ѓорче Петров, врз основа на Законот за снабдување со вода за пиење и одводнување на отпадни води.

1 Средствата од оваа Под-Програма ќе се употребат за изградба на водоснабдителен систем

Средствата за финансирање на оваа Под-Програма ќе се обезбедат од:

- Од Владата на РМ (МЖС во висина од 5.000.000 – 1.500.000.релизирано 3.500.000,00
- Буџетот на Општина 6.700.000,00

**Вкупно:** **10.200.000,00ден.**

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **10.200.000** |
| 482710 | Подготвување проекти за водоводи (градски и рурален дел) за.ул во Волково Пржина и попотреба на други места | 500.000 |
| | Изградба на капацитети за водоснабдување | |
| 482720 | - Изградба на водоводна мрежа и краци во рурален дел (Стопански двор, Волково,Пржина и Кисела јабука) за обезбедување на кружни токови, со Куќни приклучоци | 1.000.000 |
| | - Доизградба на водоводната мрежа во с.Никиштане | |
| | -Надзор над изградба | 8.500.000 |
| | | |

## X. ЈИ - ИЗГРАДБА НА СИСТЕМ ЗА ОДВОДНУВАЊЕ НА ОТПАДНИ ВОДИ

Во оваа Под-Програма се планира изградба на V –Фаза на фекална канализација во руралниот и урбаниот дел од Општината како и изградба на Пречистителна станица. Финансиските средства потребни за оваа Под-Програма ќе се обезбедат од Буџетот на општината..

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|

| | | |
|---|---|---|
| 482 | ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ | 4.700.000 |
| 482310 | одготвување на проекти за одводнување на отпадни води | 500.000 |
| 482320 | Изградба на канализација<br>- Изградба на фекална канализација во рурален и урбан дел од општината,изградба на секундарни краци и приклучоци во с.Волково,Пржина и Стопански двор<br>- Изградба на канализација во СЗ 11 и стрелиште | 2.500.000<br>1500.000 |
| 482940 | Надзор над градба | 200.000 |

## XI. J7 – ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО

**Средствата од оваа Под-Програма во износ од 950.000 денари ќе се обезбедат од од Буџетот на Општината Ѓорче Петров**

**Од оваа програма се трошат средства кои се поврзани со одржување на зелени површини и парковско уредување, како што е потрошок на вода од јавните чешми и фонтани, потрошок на електрична енергија од пумпи за од фонтани, материјали за чистење на фонтаните, како и за одржување на јавното зеленило. Исто така средствата ќе се трошат за набавка на садници и хортикултурно уредување.**

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| 421 | КОМУНАЛНИ УСЛУГИ | 950.000 |

| | | |
|---|---|---|
| 421110 | Електрична енергија | 750.000 |
| 421120 | Водовод и канализација | 200.000 |
| **424** | **Поправки и теково одржување** | |
| 424590 | **Изградба на нови** и одржување на постојните зелени површини,одржување на системите за наводнување и одржување на зелените површини – нови насади | **500.000** |
| | **Вкупно** | **1.450.000** |

## XII. J8 – ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ

Средствата за оваа Под-Програма во износ од3.300.000денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **424** | **ПОПРАВКА И ТЕКОВНО ОДРЖУВАЊЕ** | **3.300.000** |
| 424230 | -Дезинфекција, дезинсекцијан и дератизација | 300.000 |
| 425510 | -планирани средства за заловување и третман на кучиња скитници | 1.500.000 |
| 424390 | -Одржување на други градби | 1.500.000 |

## XIII. JE – ИЗГРАДБА НА ПРОСТОРИ ЗА ПАРКИРАЊЕ

Средствата за оваа Под-Програма во износ 2.500.000,00 денари ќе се обезбедат од Буџетот на Општината Ѓорче Петров.

| Подставка | Назив | Износ |
|---|---|---|
| **482** | **ДРУГИ ГРАДЕЖНИ ОБЈЕКТИ** | **2.500.000** |
| 482910 | **работка на проект за паркинг на местото на полициските бараки ,Катен паркинг** | **0** |
| 482920 | Изградба на други објекти<br>- паркинг во УЗ Хром (зграда 36 и 38)<br>- паркинг за станбени згради кај игралиште во УЗ Даме Груев,<br>**-** | **2.500.000** |

**Вкупно планирани средства за реализација на програмата за Комунални дејности изнесува 93.620.000 ден од кои од други нивоа на власта се обезбедуваат (3.000.000 + 3.500.000) а од општината 87.120.000 денари.**

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/19**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Програма за заштита на животната средина и природата во Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Програмата за заштита на животната средина и природата во Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/18**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа на член 18, 24, 32, 122, 134, 162, 172, 204 и 208 од Законот за животна средина ("Службен весник на РМ" бр. 53/2005, 81/2005, 79/2006, 101/2006, 109/2006, 24/2007, 159/2008, 83/2009, 1/2010, 48/2010, 124/2010, 51/2011, 123/2012, 93/2013), член 36 став 1 точка 15 од Законот за локална самоуправа ("Службен весник на РМ" бр. 5/02) и член 16 став 1 точка 14 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советотот на Општина Ѓорче Петров, на 20-тата седница одржана на 30.11.2018 година, донесе:

**П Р О Г Р А М А**
**ЗА АКТИВНОСТИТЕ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ОД ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА НА ЖИВОТНАТА СРЕДИНА И ПРИРОДАТА ЗА 2019 ГОДИНА**

## I. ВОВЕД

Секторот за Урбанизам, Комунални дејности, Заштита на животната средина и ЛЕР преку Одделението за заштита на животната средина континурано ги насочува своите активности кон изработка и имплементација на издржани и квалитетни годишни програми. Како и досега, сметаме дека Годишната Програма за 2019 год. ќе придонесе кон спроведување на законските одредби кои произлегуваат од Законот за локална самоуправа, Законот за заштита на животна средина, Законот за енергетика и усвоените програми од Советот на Општина Ѓорче Петров (Стратегија за ЛЕР 2012-2018, Програма за ЕЕ 2015-2017 и ЛЕАП 2008-2015), а воедно и имплементација на мерки и активности во поглед на подобрување и заштита на животната средина и стабилноста на еко-системите.

Одделението за заштита на животна средина со своите активности се стреми кон спроведување на еколошки проекти кои ги унапредуваат стандардите и условите за живот на граѓаните во заедницата.

Програмата за заштита на животната средина и природата, опфаќа спроведување на проекти и активности за подигнување на јавната свест за потребата од здрава и чиста животна средина, како и практични мерки и активности, во соработка со здруженија на граѓани, институции и фондации.

## II. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

- Општина Ѓорче Петров – општина која на својата територија ги спроведува предвидените мерки и активности кои и се доделени како надлежности на локална самоуправа, а се однесуваат на областа заштита на животна средина;
- Општината да воспостави услови за одржлив развој и квалитет на живеење на своите граѓани;
- Подигање на јавната свест преку анимирање на граѓаните во активностите кои ќе произлезат од Програмата, односно-активно учество на граѓаните. Програмата да врши едукација на поединци и/или групи во делот на заштита и подобрување на еколошките стандарди, што понатаму ќе придонесе во развивање на јавната свест за зачувување на животната средина и природата;
- Едукација на младите за теми од област заштита на животната средина и одржливиот развој.

## III. ПРОГРАМСКИ АКТИВНОСТИ

Општината спроведува програмски активности со целосно почитување на Архуската Конвенција на локално ниво, преку овозможување пристап до информации за животната средина, состојбите со загадувањето, мерките за заштита и планирани проекти за ремедијација на земјиште. За сите прашања од област заштита на животната средина, Општината има обврска да овозможи учество на граѓаните во процесот на одлучување, преку реализирање на барањата од граѓаните, дискусии околу нивните предлози и иницијативи и вклучување во годишната програма за работа.

Планирани се активности во урбаните заедници: анкетирање на јавното мислење со прашалници за теми од област заштита на животна средина и комунални работи, организирање форуми за дискусија и средби со граѓаните.

Одделенеието спроведува активности со основните училишта и градинки, за одбележување на еколошките празници: Денови на пролетта во месец март, 22 април - Ден на Планета Земја, 5 јуни - Светски ден на животната средина, организирање акции за пошумување на различни локации, како и активности на еко-одбори во училиштата.

Во рамките на проектите со здруженија на граѓани за заштита на животната средина, планирани се серија едукативни работилници за различни теми: управување со отпадот, заштита на воздухот и водата, почвата и биодиверзитетот, како и воведување здрави навики во исхраната и секојдневниот живот.

Одделението планира спроведување на проекти за селекција на отпадот, во соработка со здруженија на граѓани, колективни постапувачи за отпад, основни училишта и др.

Досега, спроведени се неколку проекти за селекција на пластика и хартија како и селекција на отпадни батерии во рамките на партнерските проекти со здруженија на граѓани. Планот за управување со отпадот опфаќа: организирана селекција на хартија и пластика со колективни постапувачи за отпад, со цел повторна употреба на отпадот, селекција на други фракции, како отпадни батерии, електронски и електричен отпад, кабаст отпад и др.

Исто така согласно член 24 од Законот за животна средина и Уредбата за дејности и активности за кои задолжително се изработува Елаборат, а за чие одобрување е надлежен Градоначалникот на општината, Градоначалникот на Град Скопје и Градоначалникот на општините во Градот Скопје, правните субјекти наведени во Прилог 2 во Уредбата, доставуваат Елаборати за животна средина во Општина Ѓорче Петров на одобрување.

Елаборатот дава слика на постојната состојба на животната средина во и околу објектот, ги идентификува потенцијалните влијанија врз медиумите и областите на животната средина во фазата на работење и предлага мерки за нивно ублажување, намалување и неутрализирање. По одобрувањето, Инспекцијата за животна средина од Општината, го следи спроведувањето на мерките и препораките наведени во Елаборатот за животна средина. На контрола на влијанијата врз животната средина, подлежат стопанските субјекти на територија на Општината кои што обавуваат угостителска дејност (кафулиња, сендвичари и ресторани) како и услужни дејности (автомеханичарски работилници и автоперални), како и одредени занаети согласно Уредбата.

Со цел евидентирање на сите стопански субјекти по дејност и нивното влијани врз животната средина, Општината планира да се изработи Катастар на загадувачите. Со овој документ, ќе се добие слика за бројот и видот на дејноста, влијанијата на дејноста врз животната средина, со цел да се предвидат мерки за намалување на загадувањата.

Планирано е учество на семинари, работилници и конференции за животна средина и одржлив развој, во земјава и странство, во организација на ЗЕЛС, Министерството за животна средина, Центарот за Скопски плански регион, меѓународни организации и фондации, со цел едукација и соработка на партнерски проекти.

Одделението за заштита на животната средина и природата своето работење го темели на обврските и надлежностите кои ги има во следните области/подрачја:

1.1 Урбана опрема (JH) и Одржување на урбана опрема (J0)
1.2 Јавна чистота и хигиена (J4)
1.3 Одржување и користење на паркови и јавно зеленило (J7)
1.4 Други комунални услуги (J8)
1.5 Заштита на животна средина и природа (R1)
1.6 Основно Образование (N1)
1.7 Детски Градинки (V1)
1.8 Спорт и рекреација (L0) и Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта (LA)
1.9 Месна Самоуправа (Капитални Објекти ) (DA)
1.10 Паркови и зеленило (JM)
1.11 Поддршка на пректот ЕЕД за субвенционирање на енергетски ефикасни фасади и кровови на станбени згради за колективното домување (GD)
1.12 Субвенционирање на промена на кровови со салонитни табли (канцерогени материјали) со енергетски ефикасни кровови на индивидулни објекти за домување (GD)
1.13 Субвенционирање на печки на пелети и инвертер клима уреди (GD)

## 1.1 УРБАНА ОПРЕМА (J0)

### 1.1.1. Одржување на урбана опрема (JH)

- Поставување на нови и одржување на постојни клупи за седење

Поставување на нови и одржување на постојни клупи за седење во текот на целата година, бидејќи дел од поставените клупи се оставени на забот на времето, или пак се оштетени од човечки фактор, па така неопходна е интервенција за санирање на настанатите штети на клупите (најчесто дрвените даски од клупите), како и нивната конструкција (доколку е потребно);

- Санација и замена на оштетени корпи за отпадоци

Покрај тоа што бројот на корпи за отпадоци на јавните површини во Општина Ѓорче Петров е недоволен, добар дел од истите се оштетени и/или вон функција. Во текот на целата година перманентна санација (онаму каде што е можна) и замена (онаму каде што не е можна поправка) на оштетените корпи се секако потребни.

- Одржување на фонтаните и чешмите

Постоечките фонтани (во паркот) како и постоечките чешми за вода на повеќе локации на територијата на Општина Ѓорче Петров потребно е редовно да се одржуваат и чуваат во исправна состојба.

**Буџет за JO**
–Одржување на урбана опрема..........................................**2.000.000,00 ден**

**Буџет за JH**.
–Поставување на нова урбана опрема...............................**2.000.000,00 ден**

## 1.2 ЈАВНА ЧИСТОТА И ХИГИЕНА (J4)

За одржување на јавна чистота и хигиена во Општина Ѓорче Петров (како општина во рамките на Град Скопје), согласно законските надлежности, се грижи ЈП Комунална Хигиена – Скопје. Но, со оглед на фактот што јавното претпријатие не може во целост да ги покрие потребите за чистење на цела територија на општината, Општина Ѓорче Петров издвојува значителни средства и енергија со цел подобрување и унапредување на состојбата со јавната хигиена. Од тие причини, и следната 2019 год. Општина Ѓорче Петров планира да ангажира сезонски работници кои ќе помагаат во одржување на јавната чистота, како и обезбедување на сите материјални средства потребни за работа на овие работници (метли, кеси, канти, ракавици, кабаници, колички, копачи, лопати и сл).

За непречено одвивање на редовните активности на ангажираните сезонски работници, Општина Ѓорче Петров ќе издвои средства за:

1. Финансиски надомест на работниците;
2. Набка на ХТЗ и друга опрема за работниците (униформи, кабаници, ракавици, обувки и сл);
3. Набавка и одржување на приборот за работа (метли, колички, копачи, лопати и сл).

   За овие позиции во Буџетот се планирани средства во висина од 500.000 денари.

4. Други комунални услуги
   - поставување контејнери за електронски и електричен отпад во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - поставување контејнери за габаритен отпад (од домаќинствата) во строго определен термин (најмалку 4 пати годишно);
   - превземање мерки за решавање на проблемот со уличните кучиња-скитници (во соработка со службите на Град Скопје);
   - планирање простор во Реонски Парк наменет исклучиво за шетање на домашни миленици. Овој простор ќе биде посебно ограден и изолиран од останатиот јавен простор;
   - Подигање на хаварисани возила за што се предвидени средства во висина од 1.000.000 ден.
   - редовно расчистување на просторот околу јавните установи, и тоа:
     - во и околу Основни Училишта
     - во и околу Детски Градинки
     - околу здравствените установи (особено амбулантата во м.з. Дексион)
     - на останатите површини каде има градежен и комунален шут (особено на ул.Социјалистичка Зора);

Во оваа под-програма спаѓа и следењето на работата на Концесионерот за собирање и управување со комуналниот смет во руралното општинско подрачје. Имено, работата на приватниот оператор ја следи Комисија за надзор за навремено, квалитетно и професионално вршење на концесиската дејност (разгледување извештаи, увид на терен и сл.)

Се планира во соработка со Град Скопје и ЈП Комунална Хигиена ќе се постават подземни контејнери на три локации во општината. Потребните средства ќе се обезбедат рамномерно по 1/3 од сите субјекти по 2.200.000денари, но овие средства не се планирани за 2019год.

Согласно укажувањето договорот на ниво на општини од град Скопје, за подобрување на работата на Јавното Комунално претпријатие одлучено е општините да издвојат средства во буџетот за набавка на нова комунална опрема. За оваа намена од страна на општината се планираат средства во висина од 1.200.000 денари, но за 2019 год не се планирани.

Имајќи предвид да досега не се успеа да се отвори регионална депонија во соработка со град Скопје, општина Карпош и општина Чучер Сандево, општината одлучи сама да организира,уреди иформира Претоварна станица за отпад, за што во Буџетот треба да се планираат средства во

висина од 20.000.000 денари за период од 3 години, од кои 500.000 денари за изработка на проект и 1.200.000 ден за прпремни работи,

Во наредната година се планира целосно да заврши уредувањето на депонијата на река Лепенец, и целиот простор да се уреди согласно донесениот ДУП С3 02,

Во програмата се предвидуваат средства за надомест за социјално ангажираните работници за чистење во општината во висина од10.000.000 ден, како и за набавка на униформи, обувки и други материјали за специјални намени во висина од 260.000 ден.

**Вкупно буџет за Ј4 – Јавна Чистота ...............................................................10.260.000 ден.**

## 1.3 ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО (Ј7)

Оваа програма се однесува на:

1. Одржување и користење на паркови и зеленило
   - редовно косење на тревата на деловите каде ЈП Паркови и Зеленило, Скопје нема надлежности (основни училишта, детски градинки, спортски и детски игралишта, површини покрај локалните улици, долж ул. Шарпланинска, ул.Лука Геров, ул.Волковска)
   - долж кејот на р.Вардар
   - во наредната година се планира да се изврши кастрење на дрва, живи огради на дворовите према улиците, односно се што излегува према улиците;
   - се планира да се уредат нови зелени површини со уредени патеки, фонтани и со украсни садници на повеќе локации низ општината, а пред се да се преуредат школските дворови и просторот околу нив.
   - во соработка со ЈП и ЕВН предвидено е да се исечат-отстранат сите дрва кои пречат на постоечките инсталации;

2. Средства за набавка на садници и хортикултурно уредување

Општина Ѓорче Петров и во 2019 година планира да посвети внимание на урбаното и хортикултурно уредување. Во таа насока се мисли на одржување на постојните парковски и јавните зелени површини на цела територија на општината, односно замена на оштетената или уништена трева со нова. По потреба и дотур на нова, квалитетна земја заради поголема ефикасност во садењето трева, како и набавка на нови садници за оплеменување на јавниот простор.

Во 2019 година по пролетното садење на цвеќе и тревна површина во паркот, трите кружни тека и останати јавни површини на територијата на општината, потребно е истите тековно да се одржуваат, косат, наводнуваат и надополнуваат со цветни насади.

1. Одржување на системите за наводнување и фонтаните

Тука се вклучени и трошокот на вода од јавни чешми и фонтани, трошок за електрична енергија од пумпите за вода во фонтаните, материјал и средства за чистење на фонтаните. Во текот на наредната година се планира да се изработат нови бунари за користење на подземните води и да се изработат модерни системи за наводнување, автоматски прскалки и системи капка по капка.

2. Одржување на часовник и дисплеј во реонски парк

Одржувањето на часовникот и дисплејот во реонски парк е специфична работа и потребно е да се заменат одредени склопови на часовникот и дисплејот за што веке се превземени одредени активности за нивна набавка, а во пролет истиот ќе се среди и обнови-современо уреди.

**Буџет за Ј7 - ОДРЖУВАЊЕ И КОРИСТЕЊЕ НА ПАРКОВИ И ЗЕЛЕНИЛО….1.450.000,00 ден.**

## 1.4 ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ (Ј8)

Оваа под-програма се однесува на :

1. Пролетна и есенска дезинфекција, дезинсекција и дератизација
2. Одржување на други градби
3. Редовно одржување на хидро под-станиците и пумпно построение на фонтаните во реонскиот парк, и ново поставените системи за наводнување.
4. Планирани средства за заловување и третман на кучиња скитници 1.500.000 ден.

**Вкупно Буџет за Ј8**
**-ДРУГИ КОМУНАЛНИ УСЛУГИ.....................................................3,300.000,00ден.**

## 1.5 ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА (R1)

Оваа под-програма се однесува на :

1. Изработка на нов ЛЕАП-Документ и регистар на загадувачи 0 ден.

(Буџетот за изработка на ЛЕАП-документот се обезбедени од МЖСПП – од Програмата "Зајакнување на капацитетите на централно и локално ниво при имплементитрање на законодавството од областа на животната средина". Имплементација на истста се очекува во текот на 2019 година по потпишување на Договор помеѓу Општина Ѓорче Петров и МЖСПП.), додека општината ќе финансира за изработка на ЛЕР во висина од 380.000де.

2. Обуки наменети за грѓаните за потребата од поставување Мониторинг – станица за мерење на квалитетот на анбиентален воздух и начин на читање на резултатите (подготвителна фаза пред поставување на мерната станица
3. Одбележување на денови од ЕКО-Календарот(Ден на пролетта-, Светски ден за заштита на животната средина
4. Поддршка на пректот ЕЕД за субвенционирање на енергетски ефикасни фасади и кровови на станбени згради за колективното домување (GD)

5. Субвенционирање на промена на кровови со салонитни табли (канцерогени материјали) со енергетски ефикасни кровови на индивидулни објекти за домување (GD
6. Каналите за наводнување-одводнување на атмосверските води се во многу лоша состојба, поради тоа општината предвидува средства за нивно чистење да добие од МЗШВ и ЈП за Водостопанство на РМ.
7. Општината покрена иницијатаива за уредување на коритото на река Лепенец, при што со заклучок од Влада потребно е да се предвидат средства како наше учество за реализација на овај значаен проект, за оваа ставка предвидени се средства во висина од ..........................................................................3.000.000,00 денари.
8. За контрола на зрачањето на базните станици општината ке постави базни станици за нивното мерење за ќе се бараат средства од динација од други нивоа на власта.

**Вкупно Буџет за R1**
**ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И ПРИРОДА...................3.380.000,00ден.**

## 1.6 ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ (N1)

Оваа Програма се однесува на :

1. Подготовка на проектна документација:
2. Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти на основни училишта
   Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија, и од Буџет на општината
   Во соработка со МОН ќе се бара да се реновираат крововите на ОУ Беровски, ОУ Ѓорче Петров и ОУ Страшо Пинџур,
   Со подршка на МОН ѓе се бара да се одпочне со надградбата на ОУ Тихомир Милошевски и доградбата на ОУ Беровски подрачно училиште во Хром за деветолетка
3. Воедно општината планира да се изработат енергетско ефикасни фасади на сите Училишта, така што за ова се планирани соодветни средства.во висина од 3.000.000,ден., донација од други нивоа на власта.
4. Обнова на оградите на ОУ Беровски и подрачното училиште во Хром се изддвојуваат средства во висина од 3.450.000 ден.
5. За санација на надворешен ѕид во ОУ Ѓорче Петров потребни се 300.000ден.

**Вкупно планиран Буџет на општината за N1 за 2019год,**

**ОСНОВНО ОБРАЗОВАНИЕ.................................................3,750.000,00ден.**

## 1.7 ДЕТСКИ ГРАДИНКИ (V1)

Оваа Програма се однесува на :

6. Надградба / Доградба / Реконструкција на објекти за детски градинки

Реализација на активностите предвидени со оваа под-ставка се планира со средства од Буџетот на Република Македонија, Буџет од општината, при што за таа цел се планира да се одпочне со градба на детска градинка во с.Волково, како и за просторот во МЗ Дексион наменет за градинка заедно со просторот за амбуланта да се изработи физибилити студија за ЈПП за соодветна намена-грдинка и амбуланта а во соработка со Министерството за здравство и министерството за труд и социјала.

7. Воедно општината планира да се изработат енергетско ефикасни фасади на сите градинки, така што за ова се планирани соодветни средства во висина од 2.000.000 ден, донација од други нивоа на власта.
8. Во соработка со МОН се планира да одпочне изградбата на две нови градинки и тоа во Стопански Двор и во Волково, при што општината ќе ги изготви потребните проектни документации во висина од 4.500.000ден.
9. **Вкупно Буџет за V1**

**ДЕТСКИ ГРАДИНКИ ……………………………………………………………4.500.000ден.**

### 1.8 СПОРТ И РЕКРЕАЦИЈА (L0)
### ИЗГРАДБА НА НОВИ СПОРТСКИ ОБЈЕКТИ И ДЕТСКИ ИГРАЛИШТА (LA)

Програмата **LO** се однесува на :

**1.** Поправка и тековно одржување на објекти за спорт и рекреација……………………………………………………………………**1.500.000ден**

Програмата **LA** се однесува на:

**-** Изградба на нови спортски објекти и детски игралишта **2.000.000ден**

- Изградба на фудбалско игралиште во мз Ново Село ( нас.место Јурија)
(Изградбата на ова игралиште е планирано со средства од Влада на РМ-Агенција за млади и спорт)
- Изградба на ново детско игралиште во МЗ Ново Село (нас.место Јурија);
- Изградба на ново детско игралиште во УЗ Дексион и ренконструкција на игралиштето во Хром.

**Вкупно буџет за L0 и LA ………………………………………………………………3.500.000ден.**

### 1.9 МЕСНА САМОУПРАВА (КАПИТАЛНИ ОБЈЕКТИ) (DA)

Оваа Програма се однесува на :

- Реконструкција односно изградбата на објекти за Урбани Заедници и Месни заедници ќе се изработат физибилити студии за ЈПП, при што ќе се опфатат следните УЗ и МЗ: УЗ Дексион, УЗ Мирче Ацев, УЗ Хром, МЗ Кучково, МЗ Никиштане и МЗ Волково Пржина. Општината планира да изработи проект за надградба на Домот на културата и истиот да го изгради.
За оваа намена планирано е:

Вкупно буџет за
DA - МЕСНА САМОУПРАВА……………………………………………………0 ден.

### 1.10 КАПИТАЛНИ РАСХОДИ ЗА ОПШТИНСКА АДМИНИСТРАЦИЈА ЗА НАБАВКА НА ОСНОВНИ СРЕДСТВА ЕА

- Оваа програма се однесува за набавка на основни средства за потребите на општината за подобро и поквалитетно извршување на комуналните потреби од собирање на сметот, траспорт и депонирање. За таапотреба се планираат да се набават:
- Моторно возило камион-кипер со капацитет носивост до 10 м3,
- Машина ровокопач, со предна корпа за утовар и задна корпа заископ,
- Косилки за трева - Тримери 2 и моторни пили за кастрење на гранки со продолжена сателитска рачка.

**Вкупен Буџет за**
**ЕА Капитални расходи за набавка на основни средства.........0 ден.**

## IV. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупно потребни средства за реализација на активностите предвидени со оваа Програма се **34.140.000,00ден.** , од кои во програмата за комунални дејности се планирани 19.010.000,00 ден. А останатите средства во висина од **15.130.000** ден ќе се обезбедат од Буџетот на општината.

Ова се вкупни финансиски средства потребни за реализизација на активностите кои се составен дел на:

- програмите JH, J0, J4, J7, J8 (кои се распределени и веќе опфатени во Предлог-Програмата за Комунални дејности во на Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР за 2019година), и
- програмите R1, N1, V1, L0, LA, GA и DA.

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната Ј Програма - комунални дејности со сите Под-Програми е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности и заштита на животната средина.

Градоначалникот се овластува да може да определува приоритети при реализирање на оваа Програма и Под-Програма содржана во истата.

Програмата влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/20** **Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Од 30.11.2018 година** **Претседател,**
**Скопје** **Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Акционен план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2019 година**

Се објавува Акциониот план (GD) за енергетска ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2019 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров го донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/19**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

## АКЦИОНЕН ПЛАН (GD)

## ЗА ЕНЕРГЕТСКА ЕФИКАСНОСТ НА ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ ЗА 2019 ГОДИНА

**Сектор за урбанизам, комунални дејности,**
**заштита на животната средина**
**и локален економски развој**

Врз основа на анализите од Програмата за енергетска ефикасност во општина Ѓорче Петров се констатира дека постои значителен потенцијал за зголемување на енергетската ефикасност во објекти кои се во надлежност на општината, како што се училиштата, административните објекти, детски градинки, јавното осветление и други целни групи.
Имајќи во предвид дека трошоците за енергија заземаат голем дел од буџетот на општината, а со цел да се намалат трошоците и потрошувачката на енергија и да се подобрат внатрешните услови на објектите за образование, култура и општинска администрација од една страна и јавното осветление од друга страна, потребно е истите да се реконструираат, целосно или делумно и во нив да се применат мерки за енергетска ефикасност.

Акциониот план за енергетска ефикасност претставува едногодишен план за спроведување на мерките за енергетска ефикасност предвидени во Програмот за енергетска ефикасност на општините и е законска обврска која произлегува од Законот за енергетика и е во целост изработен и усогласен со мерките за енергетска ефикасност и нивната динамика на реализирање усвоени во активниот стратешки национален документ Акционен план за енергетска ефикасност на Република Македонија, со кој се спроведува националната Стратегија за унапредување на енергетска ефикасност во Република Македонија до 2020 година.

Целите кои треба да се постигнат со спроведување на акциониот план за енергетска ефикасност, а кои се усогласени со програмата за ЕЕ на општината Ѓорче Петров се следниве:

- намалување на трошоците за енергија во општината, пред се во делот на јавните објекти кои се во нејзина надлежност на општината, како и за уличното осветлување;
- обезбедување на квалитетни услови (комфорни) за престој и работа во сите простории;
- обезбедување на енергетска инфраструктурата на општината и особено модернизација на јавното осветлување;
- намалување на емисијата на $CO2$ во воздухот и околината;
- зголемување на примената на обновливи извори на енергија.

Овие цели треба да се оствари преку:

- изработка на енергетски прегледи на јавни објекти,
- изработка на основни проекти за реконструкција и модернизација на јавни објекти со ЕЕ мерки,
- подигање на јавната свест и промена на навиките на сите корисници на јавните објекти;

- спроведување на проектот ЕЕД (енергетски ефикасни домови),
- обука на персоналот задолжен за спроведување и следење на мерките за
- енергетска ефикасност,
- субвенционирање на граѓаните во делот на промена на енергенсот со обновливи извори на енергија за затоплување, и
- други активности и мерки кои се утврдени со правилници и стандарди за ЕЕ.

Во содржината на Акциониот план се утврдени:

- видот на мерките или активноста за ЕЕ,
- динамиката на реализација на мерките за енергетска ефикасност,
- временските периоди кога можат да се спроведат предвидените активности,
- потребните инвестициски финансиски средства за реализација на предвидениот план,
- извори на потребните финансиски средства,
- организациска поставеност и определување на одговорни служби и личности за реализација на предвидените мерки и активности (проектирање, набавка, надзор, следење на резултатите).

Врз основа на Програмата за ЕЕ е утврдена потреба за енергија, при што вкупната потрошувачка на енергија на годишно ниво е: 4 331 108 [kWh/god], каде под управување од страна на општина Ѓорче Петров има 16 објекти: 8 основни училишта, 3 административно општински згради и 5 детски градинки.
Вкупниот потенцијал за заштеда на енергија во општина Ѓорче Петров за 2015 година изнесува 542 MWh или 0,047 ktoe што претставува 1,2% во однос на проекциите за намалување на потрошувачката на енергија во услужниот сектор за истата 2015 година.

| **Акционен план за енергетска ефикасност за 2019<br>Преглед на ЕЕ мерки/активности** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Опис на /активноста/мерката** | **Спроведу вач** | **Проценка на енергетска заштеда (% од постојната потрошувачка)** | **Проценет а вредност (МКД) со ДДВ** | **Извор на финансира ње** | **Временс ка рамка (месеци)** |
| **Мерка 1. Инвестиции во ЕЕ во објекти во надлежност на Општина Ѓорче Петров** | | | | | |
| **Активност 1.1. Модернизација на системот за топлинска енергија во ОУ Димитар Поп Георгиев Беровски** | -општина<br>-<br>економски оператор | **20** | **5.000.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-економски | **6** |

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | | оператор<br>-други донатори | |
| **Активност 1.2. Модернизација на системот за топлинска енергија во ОУ Тихомир Милошевски** | -општина<br>-економски оператор | **40** | **5.000.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-економски оператор<br>-други донатори | **3** |
| **Активност 1.3. Промена на постојниот кров и поставување на ЕЕ фасада на ОУ Димирар Поп Георгиев Беровски** | -општина<br>-економски оператор<br>-донатор | **20** | **10.000.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **3** |
| **Мерка 2. Одржување и модернизиција на јавно улично осветлување** | | | | | |
| **Активност 2.1. Спроведување на постапка врз основа на Физибилити студија за воспоставување на договор за ЈПП за модернизацијај на системот на јавно осветлување** | -општина<br>-економски оператор | **20** | **12.000.000** | - Буџет на општина<br>-комунална такса за улично осветлување | **12** |
| **Активност 2.2. Потпишување на Договор за ЈПП** | -општина<br>-економски оператор | **/** | **/** | -општина<br>-градоначалник | **1** |
| **Активност 2.3. Надзор и следење на договорот за ЈПП** | -општина | **/** | **/** | -општина<br>-комисија | **12** |
| **Активност 2.4. Тековно и инвестицоно одржување на јавно осветлување до склучување на Договорот за ЈПП** | -општина<br>-економски оператор | **20** | **5.000.000** | - Буџет на општина<br>-комунална такса за улично осветлување | **12** |

| **Мерка 3. Подготовка на програми, техничка и друга документација** | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 3.1 Ревизија на енергетски прегледи на јавни објекти** | -општина<br>-<br>економски оператор | / | **250.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **6** |
| **Активност 3.2. Изработка на Програма за ЕЕ за период 2019-2021** | -општина<br>-<br>економски оператор | / | **250.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **3** |
| **Активност 3.3. Изработка на основни проекти за реконструкција со мерки за ЕЕ** | -општина<br>-<br>економски оператор | / | **500.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **6** |
| **Мерка 4. Подигање на јавна свест за ЕЕ** | | | | | |
| **Активност 4.1. Организирање на работилници во училиштата за подигање на јавната свест во делот на ЕЕ** | -општина<br>-основни училишта<br>-детски градинки<br>-НВО | / | **300.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **6** |
| **Активност 4.2. Отворање на информативна канцеларија за ЕЕ и контакт центар за јавно осветлување** | -општина<br>-НВО | / | **300.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **6** |
| **Активност 4.3. Печатење на промотивен материјал за користење на ОИЕ и примена на мерки за ЕЕ** | -општина<br>-<br>економски оператор | / | **300.000** | - Буџет на општина<br>-Програми на влада на РМ<br>-други донатори | **3** |

**Вкупно проектиран буџет за Програмата GD..............................................................38.900.000 денари**
**Средства од буџет на општина Ѓорче Петров: 8.900.000 денари**
**Средства од буџет на РМ (МОН): 10.000.000 денари**
**Средства од буџет на РМ (МЖСПП): 10.000.000 денари**
**Други донатори: 10.000.000 денари**

## ПРЕОДНИ И ЗАВРШНИ ОДРЕДБИ

Надлежен за реализација на основната **(GD)** Програма – Енергетска Ефикасност на Општина Ѓорче Петров за 2019 година е Градоначалникот и Секторот за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР.

Се овластува Градоначалникот со тимот за ЕЕ да може да определува приоритети при реализација на Акциониот План.

Акциониот План влегува во сила осмиот ден од денот на објавување во "Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/21**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за Локална Самоуправа (Службен Весник на РМ бр.5/02), член 24 став 1 точка 3 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-Пречистен текст (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/2013) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе

**РЕШЕНИЕ**
**за објавување на Одлука за давање согласност на измена и дополнување на План за вработување за 2018 година**

Се објавува Одлуката за давање согласност на измена и дополнување на План за вработување за 2018 година, што Советот на Општина Ѓорче Петров ја донесе на Дваесеттата седница на Советот, одржана на ден 30.11.2018 година.

**Број 09-4408/20**
**од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК НА**
**ОПШТИНА ЃОРЧЕ ПЕТРОВ**
**Александар Наумоски с.р.**

Врз основа член 20а и 20б од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/14 и 27/16), член 32 од Законот за административни службеници („Службен весник на РМ" број 27/14, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016) и член 16 став 1 точка 37 од Статутот на Општина Ѓорче Петров-(Пречистен текст) (Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров бр.18/13) и Статутарната одлука за измена и дополнување на Статутот на Општина Ѓорче Петров (Службен гласник на Општина Ѓорче Петров број 13/14), Советот на Општина Ѓорче Петров на 20-тата седница одржана на ден 30.11.2018 година, донесе

**ОДЛУКА**
**за давање согласност на Измена и дополнување на Годишен план за вработување за 2018 година**

**Член 1**

Со Одлуката се дава согласност за Измена и дополнување на Годишниот план за вработување на Општина Ѓорче Петров за 2018 година, број број 04-4289/1 од 26.11.2018 година.

**Член 2**

Одлуката влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Ѓорче Петров".

**Број 08-4265/22**
**Од 30.11.2018 година**
**Скопје**

**Совет на Општина Ѓорче Петров**
**Претседател,**
**Илија Спасовски с.р.**